ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

# МОБИЛНОСТ

E-MAIL: CONTACT@MOBILNOST.MK WWW.MOBILNOST.MK БРОЈ 104, СЕПТЕМВРИ 2024

**-ОДРЖАН 30. РЕПУБЛИЧКИ КВИЗ НАТПРЕВАР**

**-ОБНОВЕНИ БАРАЊА СО ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

**-ДВЕ ФИНАЛНИ БОРБИ НА ОЛИВЕРА НАКОВСКА- БИКОВА НА ПОИ ПАРИЗ 2024**

**-ОДРЖАНИ 36. РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ**

МСПДМ
Министерство за социјална политика, демографија и млади








FUNDETO











# МОБИЛНОСТ

## ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА


Република Северна Македонија

**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

***Издавач:***
***МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА***



***Уредувачки одбор:***
***Главен и одговорен уредник:***
д-р Нико Јанков

***Одговорни уредници:***
Бранимир Јовановски
Митко Фидановски

***Издавачки совет:***
Бранимир Јовановски
д-р Нико Јанков
Елица Трпковска
Стеван Ангелески
Нермин Суловски
Гоце Миновски
Велибор Јакимовски
Дивна Таневска
Михајло Михајлов
Миланчо Арсовски
Горан Војновски

***Лектор:***
Валентина Бачваровска



***Адреса:***
Национален сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија
Мобилност Македонија
Ул. „11 Октомври" бр. 42/а – Скопје
Тел: (02) 3 211 280



***Жиро сметка:***
300000000106445
Комерцијална Банка

Печатено во 50 примероци
Излегува тримесечно
Број 104, Септември 2024
Со решение бр. 01-483/2 од 16.05.1994 год. весникот „Феникс 86" е запишан во регистарот на весниците

***Дизајн и компјутерска подготовка***
Далибор Јовановски

***Печат:***
КОНТУРА ДОО – Скопје

Весникот е бесплатен.


• СОДРЖИНА


• ЗБОР НА УРЕДНИКОТ 2
• СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА 3
• БАРАЊЕ ДО ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 4
• ДОПИС ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ 5
• МИРЕН МАРШ ЗА СВЕТСКИОТ ДЕН НА МУЛТИПЛЕКС СКЛЕРОЗА 7
• РАБОТНА СРЕДБА ВО АМБАСАДАТА НА САД ВО СКОПЈЕ 9
• ОДБЕЛЕЖАН 5 СЕПТЕМВРИ - МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЛИЦАТА СО ПОВРЕДЕН 'РБЕТ 9
• КОМИСИИ НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА 10
• ОДРЖАН 30. РЕПУБЛИЧКИ КВИЗ НАТПРЕВАР НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА 12
• 36. РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА 14
• ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ ВО МАНАСТИРОТ „ПЕТТИ КЛАДЕНЦИ" 20
• УЧЕСТВО НА ЧЛЕНОВИТЕ НА МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА НА ПРОЕКТ-РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА СЛОБОДНИОТ ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР 21
• ИЗГРАДЕН ИНКЛУЗИВЕН ПАРК ВО ГЕВГЕЛИЈА 21
• ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЖЕНАТА, 8 МАРТ 22
• „МОБИЛНОСТ БИТОЛА" НА УНИВЕРЗИТЕТОТ НА КОЛОРС 23
• ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ МОБИЛНОСТ БИТОЛА И НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" – БИТОЛА 24
• МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА ТЕАТАРСКАТА ПРЕТСТАВА „КРИПЛОВ ЗАГОВОР" 24
• БИЛЈАНА ТОДОРОВСКА СО ОСМОМАРТОВСКО ГОСТУВАЊЕ НА МРТВ 25
• ВМРЕЖУВАЊЕ ВО КОЛОРС 25
• ЕДУКАТИВНА СРЕДБА НА МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ СО ЗДРУЖЕНИЕТО „КАРИТАС" И АСОЦИЈАЦИЈАТА „МЛАДИ ПРАВНИЦИ" 26
• ПАНЕЛ-ДИСКУСИЈА НА МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ СО ММСА 26
• ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА ОД РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО 27
• МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА ПАНЕЛ-ДИСКУСИЈА ЗА ВАКЦИНАЦИЈА ОД СЕЗОНСКИ ГРИП 29
• МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ ГО ОДБЕЛЕЖА ДЕНОТ НА ЖЕНАТА, 8 МАРТ 29
• „АЛТЕР ТРИП": КОИ СЕ ПРВИТЕ РЕЗУЛТАТИ ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ПРОЕКТОТ? 30
• ЧЛЕНОВИТЕ НА МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА ГО ОДБЕЛЕЖАА НАЈГОЛЕМИОТ ХРИСТИЈАНСКИ ПРАЗНИК ВЕЛИГДЕН 30
• ТРЕТА АДАПТИРАНА САЛА ВО УЧИЛИШТЕТО „ЈОСИП БРОЗ ТИТО" ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ 31
• ЗАВРШЕН СОСТАНОК НА ПРОЕКТОТ „GYM4ALL", КОФИНАНСИРАН ОД ЕРАСМУС+ ПРОГРАМАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА 32
• ФУДБАЛСКИ НАТПРЕВАР 32
• УЛТРАМАРАТОНСКА ТРКА ЗА РАЦИН 33
• НАГРАДНА ИГРА 33
• 36. ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА 34
• 32. РСИ СЕНИ, ТРИ БРОНЗЕНИ МЕДАЛИ ЗА ЕЛЕНА ДАВИТКОВСКА 34
• ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ВО СТРЕЛАШТВО, ГРАНАДА, ШПАНИЈА 35
• ЗЛАТЕН МЕДАЛ ЗА ОЛИВЕРА Н. БИКОВА НА ГРАН-ПРИ НАТПРЕВАРОТ ВО НОВИ САД 36
• ПРВО МЕСТО ЕКИПНО ЗА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА НА 13. МЕЃУНАРОДНО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ НА СЛОВЕНИЈА 36
• ПРИЕМ НА ПАРАОЛИМПИСКИОТ ТИМ ОД ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА ГОРДАНА СИЉАНОВСКА ДАВКОВА 37
• МАКЕДОНСКИОТ ПАРАОЛИМПИСКИ ТИМ НА ПРИЕМ КАЈ МИНИСТЕРОТ ЗА СПОРТ, БОРКО РИСТОВСКИ 37
• ПАРАОЛИМПИСКИ ИГРИ ПАРИЗ 2024 СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ 38
• ЗАНИМЛИВИ ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО ПАРАОЛИМПИСКИТЕ ИГРИ ВО ПАРИЗ 2024 40
• НА ПРИЕМ ВО МАКЕДОНСКАТА АМБАСАДА ВО ПАРИЗ 42
• ОДРЖАН ОНЛАЈН КОНФЕРЕНЦИСКИ СОСТАНОК ПОМЕЃУ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ИПЦ, ANDREW PARSONS И НАЦИОНАЛНИТЕ ПАРАОЛИМПИСКИ КОМИТЕТИ 42
• РУБИНЧО РИСТЕСКИ ОСВОИ БРОНЗЕН МЕДАЛ НА 8. МЕЃУНАРОДЕН ПИНГ-ПОНГ ФЕСТИВАЛ ВО ЛЕРИН, ГРЦИЈА 43
• ТУРНИР ВО ПИНГ-ПОНГ ПО ПОВОД 6 АПРИЛ - СВЕТСКИ ДЕН НА СПОРТОТ 44
• ВТОРО МЕСТО ЗА ССРИ КУМАНОВО НА ПИНГ-ПОНГ НАТПРЕВАР ВО ПРИЛЕП 44
• МЕЃУНАРОДЕН ПИНГ-ПОНГ ТУРНИР „БУРГАС ОПЕН 2023" 45
• ПОДГОТОВКИ НА АТЛЕТИЧАРИТЕ СО ИНВАЛИДНОСТ, ПОДДРЖАНИ ОД ПРОГРАМАТА НА ИПЦ ЗА РАЗВОЈ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ПАРАОЛИМПИСКИ КОМИТЕТИ ЗА 2024 45
• УШТЕ ЕДНА ТИТУЛА ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА ЗА ОЛИВЕРА НАКОВСКА-БИКОВА 46
• ПРИЈАТЕЛСКИ ТУРНИР ВО КОШАРКА ВО КОЛИЧКИ 46
• МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО КОШАРКА ВО КОЛИЧКИ „КАВАДАРЦИ 2024" 46
• МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ПАРАОЛИМПИСКАТА ДИСЦИПЛИНА БОЧАЊЕ 47
• МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА ТУРНИР ВО ШАХ „СТАНА РАДИВОЈЕВИЌ" ВО ЛЕСКОВАЦ 48



**Quo vadis (Каде одиш)?**

Овие неколку месеци, од последното издание на нашето списание, се случуваа како и обично турбулентни настани во општеството, во државата и во нашето членство. Следејќи ги статутарните и програмски цели, се исполнуваа програмите, најмногу на Мобилност Македонија, но и на други здруженија кои покажуваа завидни резултати, што е за поздравување. Ваквиот тренд треба да го следат и другите, па резултатите нема да изостанат. Но се случуваа и други појави кои не се благопријатни и треба да исчезнат. Тоа се: егоизмот, сепаратизмот и непочитувањето, а најмногу кодошењето.

Деновиве се присетив на еден прекрасен роман на полскиот нобеловец Хенрик Сиjенкиjевич, и една од најдобрите екранизации во 1951 година на романот „Quo vadis“ – (Каде одиш). Инспирацијата на авторот беше од библиската белешка кога Св. Петар го прашал Христос – Quo vadis, Domine? (Каде одиш, Господе?), а тој му одговорил: „Таму каде што одам, не можеш да ме следиш. Ама ако се вратиш од каде што дојде, ќе видиш.“ Св. Петар се вратил и го распнале во Рим.

Приказната е за војсководецот Марко Винциј и прекрасната христијанка Лидија. Време – во владеењето на Нерон. Марко се враќа од поход, овенчан со ловоров венец, кој го држи неговиот патрон и советник на Нерон, Петрониј. Сите скандираат, а патронот му вели: „Немој да заборавиш дека си човек. Човечноста е поголема од цела слава и аплаузи, а тие што ти аплаудираат можеби утре во Колосеумот да гледаат како те јадат дивите ѕверови.“ Тоа и се случи. Нерон ги обвини христијаните дека го запалиле Рим.

Така и сега има нерончиња кои ќе жртвуваат сè за своите интереси. Но ние продолжуваме и понатаму и немаме време да се занимаваме со такви декадентни појави, туку само со реализација на нашите статутарни и програмски цели.

По шест месеци активности и поминато претстојното жешко лето, Ви посакувам пријатни есенски денови, добро здравје и лична среќа.

Вашиот прим. д-р *Нико Јанков*

# СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

На 19.4.2024 година се одржа шестата седница на Управниот одбор на Мобилност Македонија, со обемен дневен ред, на кој беа поставени и усвоени повеќе точки во врска со спроведувањето на програмските активности на Сојузот за 2024 година како и други прашања од интерес на нашите членови.

По констатирањето на потребниот кворум за одржување на седницата и усвојувањето на дневниот ред, најнапред беше усвоен Записникот од претходната седница на УО од 7.3.2024, а потоа претседателот на сојузот, Бранимир Јовановски, даде информации за реализирани активности помеѓу две седници на УО. Истакна дека Комисијата за вработување одржа повеќе седници и реализира интервју со единствениот кандидат за позиција секретар на сојузот и му предлага на управниот одбор да го прими на работа Гораст Велковски, кој ги исполнува објавените критериуми во огласот за вработување. Членовите на УО едногласно го примија на работна позиција секретар на Мобилност Македонија, Гораст Велковски, на определено време од 6 месеци. Претседателот потоа истакна дека во меѓувреме е објавена Програмата за рефундирање на средства платени за царински давачки, ДДВ и акциза за набавка на патнички автомобили на лица со попреченост, објавивме повик на нашите социјални мрежи за пријавување на наши заинтересирани членови на меѓународно гастро натпреварување „CUPI`S SPOON 2024 MAKEDONIJA“, оствaривме работни средби со технички министер за труд и социјална политика, Ѓоко Велковски, а претседателот Јовановски на 1.3.2024 учествуваше на работна средба со амбасадорката на Соединетите Американски Држави во Република Северна Македонија, Angela Price Aggeler, во просториите на Амбасадата на САД во Скопје. Во предизборниот период, претставниците на националните инвалидски организации остварија средба со повеќе политички аспиранти, меѓу кои и претставници на СДСМ од Центар, предводени од градоначалникот и поранешниот премиер Димитар Ковачевски. Распишавме Оглас за закрепнување и рехабилитација за 2024 година во сите здруженија, членки на сојузот, потпишавме договори за финансирање на националните инвалидски организации со Министерството за труд и социјална политика и покрај сите маки што ги имавме во таа постапка. Битно е да се каже дека нашиот сојуз доби зголемување на средства за 17% во однос на минатата година. Залепени се подни плочки и извршени други неопходни интервенции во апартман 7 во Охрид и набавени се 12 столчиња за туширање, по едно за секој од 12 апартмани во Охрид, нови греалки, поправени се шарките на влезните врати, поставувањето на комарници на по еден прозорец и во тоалетот на сите апартмани е во тек, тоалетните казанчиња се сменети, и набавен е нов есцајг, со што ги реализиравме сите забележани недостатоци во апартманите пред започнување на новата летна сезона. Екипата на Мобилност Македонија во шах во состав: Јанчо Ѓорѓевски, Горан Војновски и Даниел Нунески учествуваше на Меѓународен шаховски турнир во Семич, Словенија и во конкуренција на 6 екипи го освои првото место.



Во натамошниот тек на работата беа донесени повеќе одлуки меѓу кои, за корекција на дотација за плата, согласно со одлука на Влада за износ на минимална плата, за одбележување на ден на параплегија и МС, за висина на надоместок за присуство на седници и за учество на манифестации, а беа потврдени одлуки донесени по електронски пат: за учество на 15. Меѓународен турнир во шах во Словенија, по покана од Сојузот на параплегичари на Словенија, за прифаќање на најповолна понуда за лепење плочки на терасите во објектите во Охрид, за набавка на столчиња за капење, за финансиска поддршка за самостојна изложба на Тома Димовски, член на сојузот.

*Б. Јовановски*

# БАРАЊЕ ДО ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Националниот сојуз на лицата со телесен инвалидитет на Северна Македонија – Мобилност Македонија, на 7.3.2024 година достави барање со ФЗОРСМ со кое ги потсети дека на 8.11.2023 година со допис бр. 0303-266, им се има обратено со барање за измени и дополнувања на Правилникот за индикации за остварување право на ортопедски и други помагала на ФЗОРСМ, со кои ќе се подобри квалитетот на животот на лицата со телесен инвалидитет и ќе придонесат за нивната целосна инклузија во општеството и почитување на основните начела на независно и самостојно живеење.

ФЗОРСМ одговори на нашето барање со допис бр. 09-20727/2 од 21.12.2023 година, кој во канцеларијата го добивме на 2.1.2024 година, со кој нѐ известува дека нашето барање доколку биде прифатено целосно или делумно би имало сериозни финансиски импликации во Буџетот на фондот и дека во тоа време сѐ уште не бил дефиниран Буџетот на ФЗОРСМ за 2024 година, па од таа причина не е во можност позитивно да одговори на нашите барања.

Мобилност Македонија смета дека во изминатите години во Правилникот за индикации за остварување право на ортопедски и други помагала на ФЗОРСМ, благодарение на нашата постојана комуникација и укажување, беа внесени квалитетни и функционални видови на помагала, пред сѐ во делот на протетика и кај инвалидските колички, за што постои големо задоволство кај лицата со телесен инвалидитет, но сепак во регулативата која се однесува на оваа проблематика, сѐ уште постојат некои нерешени проблеми на кои нашите членови во секојдневната комуникација ни укажуваат, а постои можност за подобрување.

Мобилност Македонија смета дека дел од барањата не зафаќаат сериозни фискални импликации на Буџетот на ФЗОРСМ, особено подолу опишаниот предлог за дополнување на индикацијата за стекнување на право за стандардно лесна инвалидска количка шифра 3109 и Активна инвалидска количка шифра 3110 за испуштената дијагноза **B91 секвели од полиомиелит.** Сметаме дека ова интервенција нема да влијае на Буџетот на фондот од причина што има многу малку можни корисници со таа дијагноза, повеќето од нив се возрасни лица заради тоа што полиото е одамна искоренето, а дел од оние кои имаат потреба веќе го искористиле правото и треба да поминат 5 години за да го остварат повторно.

Предлози за промени на индикации и услови за стекнување право за

Стандардна лесна инвалидска количка шифра 3109

Сметаме дека за добивање на Стандардна лесна инвалидска количка целосно неправедно како индикација е испуштена **B91 секвели од полиомиелит**, па затоа предлагаме <u>да се прошири индикациското подрачје за индикациите: **B91 секвели од полиомиелит**</u>.

Оправданоста на ова барање е очигледна, а од друга страна, се работи за релативно мала група на корисници и ова корекција нема да бара сериозни зафаќања на средства.

Предлози за промени на индикации и услови за стекнување право за

Активна инвалидска количка шифра 3110

Исто така, и од исти причини, сметаме дека целосно неправедно за добивање на право на Активна инвалидска количка, како индикација е испуштена **B91 секвели од полиомиелит**, па затоа предлагаме <u>да се прошири индикациското подрачје за индикациите: **B91 секвели од полиомиелит**</u>.

Исто така, нешто што нема никаква фискална импликација врз Буџетот на ФЗОРСМ, а ќе помогне да се надмине проблемот за набавка и дистрибуција на Активната инвалидска количка, потребно е истата како производ во член 27а, да се дефинира како количка изработена по индивидуална мерка на корисникот. За добивање на истата задолжително да се пополнува документ наречен <u>техничко мерен лист, според кој се изработува количката,</u> кој го пополнува испорачателот на ортопедското помагало, а поради горенаведеното да се продолжи рокот на испорака од сегашните 30 дена на 60 дена, бидејќи сепак се работи за количка изработена по индивидуална земена мерка на корисникот.



Секако, барањето за стекнување на право на инвалидска количка на електромоторен погон, без условување корисникот да е вработен или во систем на образование, е право кое има финансиски импликации на буџетот на ФЗОРСМ, меѓутоа остварувањето на истото е од исклучителна важност и значење за независно и слободно движење на лицата со телесен инвалидитет кои не можат да управуваат собна количка со сопствена сила на рацете и е еден од приоритетите (ако не и најголем) на Мобилност Македонија за реализација и впишување во Правилникот на ФЗОРСМ за индикации за остварување право на ортопедски и други помагала.

Во март месец со посебен допис се обративме и до тогашните директори на ФЗОРСМ, м-р Магдалена Филиповска-Грашкоска и д-р Асаф Абдурамани, со барање за прием на работен состанок со наши претставници, на кој ќе ги образложиме останатите предлози за измени и дополнувања на Правилникот за индикации за остварување право на ортопедски и други помагала на ФЗОРСМ.

Иако искрено се надеваме дека ќе наидеме на целосно разбирање од страна на Комисијата за ортопедски помагала при ФЗОРСМ и Управниот одбор на ФЗОРСМ, и дека овој наш предлог за измена и дополнение на Правилникот




за индикации за остварување право на ортопедски и други помагала, како и во Списокот на ортопедски помагала, ќе биде прифатен и имплементиран во најбрз временски рок, до објавување на овој број на нашето гласило тоа не се случи.

Не добивме ниту покана за работен состанок од директорите на ФЗОРСМ, а во меѓувреме, во јули годинава, Владата на РСМ на своја седница за ВД генерален директор на ФЗОРСМ го постави Сашо Клековски, до кој исто така деновиве упативме допис со барање на прием.

*Б. Јовановски*

# ДОПИС ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

На 19.7.2024 година, Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија – Мобилност Македонија, испрати допис до новиот министер за социјална политика, демографија и млади, Фатмир Лимани, со кој најнапред му го честита изборот за министер за социјална политика, демографија и млади во Владата на РСМ, а потоа му го претстави Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија – Мобилност Македонија, како национална инвалидска организација во која се здружени 16 општински, меѓуопштински и градски здруженија на лицата со телесен инвалидитет на Северна Македонија, како колективни членови, а со тоа и лицата со телесен инвалидитет во целата територија на Република Северна Македонија (во овој момент повеќе од 8.200 доброволно регистрирани членови) како индивидуални членови, во една заедничка организација Национален сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија - Мобилност Македонија, заради остварување и заштита на своите здравствени, економски, социјални, културни, хуманитарни, образовни, трудови, спортски и други права, интереси и уверувања во согласност со Уставот и законите.

Истакнавме дека програмските активности на Мобилност Македонија се насочени кон подобрување на правата и положбата на лицата со телесен инвалидитет без оглед на возраста, полот, расата, етничкото или религиозното уверување, односно за сите наши членови од нивното раѓање, па сè до длабока старост.

Со тој допис, Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија – Мобилност Македонија, на министерот му презентира три заложби за афирмација и унапредување на основните човекови права и слободи, при што напомнавме дека во изминатиот период во повеќе наврати со допис се имаме обратено до Министерството за труд и социјална политика за подобрување на правата и положбата на лицата со телесен инвалидитет, а дел од барањата до денес немаат позитивна разрешница меѓу кои и:

**1.** Рефундирање на средства за набавка на патничко моторно возило

Бараме зголемување на цената на купопродажна вредност на возилото да се зголеми на 20.000 евра во денарска противвредност за враќање на средства уплатени за царина, ДДВ и акциза за набавка на патничко моторно возило, која во Законот за социјална заштита, во член 256 став 2, изнесува до 10.000 евра во денарска противвредност.

Укажуваме дека за сегашната сума од 10.000 евра во денарска противвредност, лицата со инвалидност не можат да набават адекватно возило со габарит во кој можат да се сместат инвалидски колички и друга потребна опрема за непречено движење на лицата со телесен инвалидитет, и побаравме износот да се коригира на минимум 20.000 евра во денарска противвредност.

Имено: Во Закон за социјална заштита, X Глава - РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА НАБАВКА НА ПАТНИЧКИ АВТОМОБИЛИ, во член 256 став 2 стои:

„Барањето од ставот 1 на овој член може да се поднесе еднаш во период од пет години за набавка на патнички автомобил со купопродажна вредност до 10.000 евра во денарска противвредност, односно со купопродажна вредност до 20.000 евра во денарска противвредност, доколку во возилото е вградена дополнителна опрема, која овозможува лицето самостојно да го управува возилото како што се: автоматски или полуавтоматски менувач, рачни команди кои ги заменуваат ножните команди, хидраулична дигалка за инвалидска количка или пристапна рампа за влез во возилото за што се доставува и доказ од овластена компанија која ја вградила таквата специјализирана опрема“.

ПРЕДЛАГАМЕ:

Да се измени член 256, став 2, од Законот за социјална заштита и истиот да гласи:

**„Барањето од ставот 1 на овој член може да се поднесе еднаш во период од пет години за набавка на патнички автомобил со купопродажна вредност до 20.000 евра во денарска противвредност..“**

Исто така предлагаме назначениот износ да се извади од текстот на Законот за социјална заштита и да се вметне доколку има потреба во Програмата за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица, бидејќи полесно е да се коригира по потреба износот за набавка на патничкото возило во Програмата за рефундирање на средства, отколку во Законот за социјална заштита.

Исто така предлагаме со Програмата да се дозволи купопродажната цена на патничкото возило да биде и со повисок износ од предвидениот, но МТСП да рефундира средства само до назначениот износ во Програмата (односно до 20.000 евра во денарска противвредност), а остатокот да биде на товар на корисникот на возилото. Со ова ќе се овозможи поголема слобода во одлуката за набавка на патничкото возило, а Владата на Северна Македонија со ништо финансиски не се оптоварува бидејќи веќе го има лимитирано максималниот износ за враќање на средства на 180.000 денари.

Временска рамка за реализација на предлогот: Веднаш или во најскоро време.

**2.** Зголемување на износот на паричните надоместоци на лицата со телесен инвалидитет

Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија, констатира дека лицата со телесен инвалидитет во Северна Македонија и генерално сите лица со инвалидност во државата се оставени на маргините на општеството и не се размислува за подобрување на нивната социјална заштита и животен стандард со новите мерки од Владата на Република Северна Македонија, која опфаќа зголемување на минималната плата, врзување на истата со процент од просечна месечна плата, еднократната помош која им се додели на пензионерите за 3 месеци, како и значително усогласување на нивните пензии и новата методологија за тековно усогласување двапати годишно на нивните примања.

Лицата со инвалидност се најранливата група на граѓани во општеството, најчесто зависна од помошта на државата по пат на соодветни надоместоци, кои мораме да истакнеме дека се силно девалвирани во годините наназад бидејќи начинот на усогласување на истите (со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година) не го следи реалниот раст на цените, така што овие надоместоци од година во година сè повеќе процентуално заостануваат зад просечната месечна плата, што не е коректно и хумано, особено заради фактот дека се работи за лица со инвалидност со најтешки оштетувања кои не можат дополнително да обезбедуваат средства за нивна егзистенција, социјален живот, нега и инклузија во општеството.

Имено, барањата на Мобилност Македонија и на здружените членки на НСИОМ се:

- Надоместокот за попреченост да изнесува 40% од просечната месечна плата исплатена во Република Северна Македонија за минатата година, усогласена според **нова методологија за порастот на надоместокот врз основа на таканаречена швајцарска формула, односно учество на 50 отсто зголемување на трошоците на живот и 50 отсто учество на порастот на минималната плата;**
- **Посебниот додаток** да изнесува 35% од просечната месечна плата исплатена во Република Северна Македонија за минатата година, усогласена според **нова методологија за порастот на надоместокот врз основа на таканаречена швајцарска формула, односно учество на 50 отсто зголемување на трошоците на живот и 50 отсто учество на порастот на минималната плата;**
- Надоместокот за нега и помош од друго лице во поголем обем да изнесува 30% од просечната месечна плата исплатена во Република Северна Македонија за минатата година, усогласена според **нова методологија за порастот на надоместокот врз основа на таканаречена швајцарска формула, односно учество на 50 отсто зголемување на трошоците на живот и 50 отсто учество на порастот на минималната плата;**
- Надоместокот за нега и помош од друго лице во помал обем да изнесува 26,5% од просечната месечна плата исплатена во Република Северна Македонија за минатата година, усогласена според **нова методологија за порастот на надоместокот врз основа на таканаречена швајцарска формула, односно учество на 50 отсто зголемување на трошоците на живот и 50 отсто учество на порастот на минималната плата;**

Временска рамка за реализација на овој предлог: Веднаш или во најскоро време.

**3.** Издавање на трајни решенија за примање на социјални надоместоци на лицата со телесен инвалидитет кај кои не може да се подобри состојбата

***Дел од нашите членови кои се соочуваат со потежок степен на оштетување предизвикан од параплегија, ди-***

***строфија, ампутација на екстремитет, детска парализа, мултипла склероза и други невромускулни или коскени заболувања, се корисници на надоместок за нега и помош од друго лице, како и надоместок за попреченост.***

***Правото го остваруваат преку Министерството за социјална политика, демографија и млади, а потребата*** за помош и нега од друго лице со наод, оцена и мислење ја утврдуваат стручни комисии формирани во јавни здравствени установи во состав од тројца доктори специјалисти или супспецијалисти од следниве области: интерна медицина, неврологија, психијатрија, физикална медицина и рехабилитација, ортопедија или офталмологија.

Начинот на остварување на правото на надоместок заради попреченост, потребната документација, составот на првостепената и на второстепена комисија, формата и содржината на конзилијарното мислење, како и надоместокот за издавање на конзилијарно мислење, го пропишува министерот во согласност со министерот за здравство.

Во Мобилност Македонија, како и во 16. здружени организации, постојано пристигаат поплаки од повеќе членови на кои им се укинува правото на надоместок за попреченост, односно надоместокот за помош и нега од друго лице, по издадено привремено решение за одобрено право од страна на надлежната комисија, заради неможност за закажување на нов термин на контролниот преглед, пред сè заради тоа што комисијата најчесто им издава привремени решенија за користење на надоместоците на 6 месеци, 1 година или 2 години (во зависност од мислењето на комисијата), дури и кога се работи за дијагнози и состојби кај кои не се очекува подобрување на здравствената состојба.

Издавањето на привремени решенија предизвикува непотребни малтретирања на лицата со инвалидност за спроведување на постапката, финансиски непотребно ги оптоваруваат, а предизвикуваат и пребукираност на системот мој термин, и според кажувањата на самите лица и нивните матични лекари, термините за прегледи на комисиите се пополнуваат секавично и на лицата се телесен инвалидитет матичните лекари не можат со месеци да им закажат термин.

Потребно е да се изнајде прифатливо, долгорочно и ефикасно решение, во интерес на лицата со инвалидност, а во духот на позитивните законски прописи и Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност.

Временска рамка за реализација на овој предлог: Веднаш или во најскоро време.

*Б. Јовановски*

# МИРЕН МАРШ ЗА СВЕТСКИОТ ДЕН НА МУЛТИПЛЕКС СКЛЕРОЗА

По повод 30 Мај - светскиот ден на лицата со мултиплекс склероза, Мобилност Скопје со целосна поддршка на Мобилност Македонија, го одржа деветтиот мирен марш за подигнување на свеста и видливоста на лицата со МС, параплегија и дистрофија. Со принтот на маичките под слоганите: МС дијагностика „Заедно сме посилни“ и „Различностите обединуваат“, присутните го обоија платото на порта „Македонија“, каде што во 10 часот го означија почетокот на настанот. На него, покрај голем број членови од Мобилност Скопје и Македонија, зедоа учество: техничкиот министер за труд и социјала, г. Ѓоко Велковски, градоначалникот на Општина Гази Баба, г. Бобан Стефковски, претставник од кабинетот на претседателката на Македонија, г-ѓа-Гордана Сиљановска-Давкова, претставници на Лекарската комора на Македонија, ММСА со претседателката Симона Ристовска, голем број професори, доктори и сестри при државната клиника во Скопје, предводени од проф. д-р Соња Бојаџиева, физиотерапевтот Маријан Спасеноски, здружението „Каритас“ и голем број пријатели и поддржувачи на лицата со телесен инвалидитет од најразлични сфери на живеењето и дејствувањето во секојдневието со кои имаме постојани соработки (музеи, театри, уметнички и продукциски куќи, институции итн.) како и





медиуми на повеќе ТВ-куќи и портали. Пред медиумите изјави дадоа претседателот на Мобилност Скопје, Гоце Миновски, кој се заблагодари за присутноста и заедничкиот ангажман во борбата за успех во лечењето, третирањето и остварување на правата на лицата со МС, параплегија и дистрофија и притоа наведувајќи ги аномалиите на системот кои се причина за нивниот отежнат живот и макотрпното остварување на своите права и потреби, но сепак покажувајќи надеж дека наскоро ќе се изнајдат начини за нивно решавање, Христина Просковска, претседател на огранокот на МС во Мобилност Скопје, која говореше за фокусот на овогодинешниот слоган МС дијагностицирања, односно брзо детектирање на дијагнозата и нејзино навремено третирање со цел забавеност на прогресијата и инвалидитетот како и проширувањето на листата за добивање нови софистицирани лекови со поголем квалитет и ефикасност, проширување на листата за пациенти поставени на третман со соодветните терапии, критериуми и адекватност во остварување на правата за додатокот за попреченост и додатокот за помош и грижа од друго лице итн.. Министерот и градоначалникот едногласно изјавија за ургентност во дејствување на заложбите на министерствата и институциите кон подобрување и остварување на барањата, бидејќи овие лица се граѓани на ова општество и апсолутно заслужуваат достоинствен живот. Тие ќе останат посветени на овие проблеми и ќе се стремат ефикасно да се спроведат во скора иднина. Во 11 часот започна маршот на ул. „11 Октомври“, каде што поворката преку Собранието на Македонија, со громогласен аплауз, учесниците на маршот ги поздравија и потсетија надлежните во него, дека сме видливи и потребен ни е слух од нивна страна за изнаоѓање начини и ставање крај на голготата во која живее нашиот член. Пристигнувајќи пред ДХО „Даре Џамбаз“, рутата покажа крај, односно маршот заврши и присутните ја фотографираа последната слика пред кадарот на домот по којашто сите останаа на заедничко дружење во холот.

-Нашата цел со маршот ја кажавме -

„Со малку зборови да се каже сѐ”.

Мобилност Скопје и Мобилност Македонија остануваат посветени и продолжуваат во намерите, обраќајќи им се на другата страна наспроти нас, да одговори на „предизвикот“ наречен основно човеково право и да го разреши во корист на телесните инвалиди за добробит на целата заедница.

*Христина Просковска*





# РАБОТНА СРЕДБА ВО АМБАСАДАТА НА САД ВО СКОПЈЕ

На покана на амбасадорката на Соединетите Американски Држави, Angela Price Aggeler, претседателот на Мобилност Македонија, Бранимир Јовановски, присуствуваше на работна средба во просториите на амбасадата во Скопје, со уште неколку застапници на правата на лицата со инвалидност од нашата држава.

Амбасадорката Агелер го истакна своето задоволство за остварената средба со застапниците од заедницата за правата на попреченост и можноста да разговараат за предизвиците и можностите за заеднички активности. Амбасадорот го призна нивниот придонес за подигнување на свеста кај јавноста и ја пофали нивната работа и активизам низ годините.

Во својот говор, претседателот на Мобилност Македонија особено се задржа на проблемите со архитектонските бариери, непристапната околина, пред сè на објектите во кои се изведува наставата од основно, средно и високо образование, непристапноста на институциите и нивните подрачни канцеларии, непристапните гласачки места, но и на канцелариите на ДИК во локалните самоуправи, непристапниот и јавен патнички сообраќај (градски и меѓуградски), ортопедските помагала и други прашања од интерес на нашето членство.





Беше заклучено средбите да продолжат и во иднина, а сè со цел да се искористи влијанието на американската амбасада и нејзините претставници во подобрување на положбата и правата на лицата со инвалидност во нашата држава.

Амбасадорката апелираше на поголема сплотеност помеѓу претставниците и организациите на лицата со попреченост, како единствен глас во борбата за подобри права, самостоен и независен живот.

*Б. Јовановски*

# ОДБЕЛЕЖАН 5 СЕПТЕМВРИ - МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЛИЦАТА СО ПОВРЕДЕН ‘РБЕТ




5. Септември е прогласен за Меѓународен ден на лицата со повреда на ‘рбетот. Овој ден се одбележува за да се истакнат важните аспекти од живот на лицата со повреда на ‘рбетот низ историјата.

Меѓународното здружение на лица со повреди на ‹рбетот (ISCoS) одлучи секоја година на 5. Септември се одбележува „Денот на лицата со повреди на ‹рбетот“ со цел да се зголеми свеста на пошироката јавност. Се претпоставува дека со зголемувањето на нивото на свеста ќе се олесни инклузивниот живот на лицата со инвалидбост и ќе се обезбедат поголеми шанси за успех на превентивните програми.

Повредата на ‹рбетниот мозок има тешки физички, психички, социјални, сексуални и професионални последици за повредените. Дополнително, повредата го зголемува економскиот товар на секој поединец, а со тоа и на неговото семејство. Во Македонија постои национална инвалидска организација за лица со повреда на ‹рбетниот мозок, Мобилност Мскедонија, која преку својата програма и директна комуникација со државните органи, придонесува за подобрување на правата и положбата на лицата со инвалидност во општеството.

Мобилност Македонија, како национална инвалидска организација во која членуваат и лицата со повреди на ‘рбетотсе приклучува кон ова одбележување преку објава на социјалните мрежи.

*Б.Јовановски*

# КОМИСИИ НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија – Мобилност Македонија, согласно член 28 од Статутот, Управниот одбор може да формира постојани и повремени комисии за разгледување на прашања и утврдување на предлози од одредени области. Мандатот на комисиите трае колку и мандатот на членовите на Собранието на Мобилност Македонија.

Во натамошниот текст ви ги претставуваме постојаните комисии при Мобилност Македонија кои расправаат за прашања од областа за која се формирани и даваат мислење и предлози до Управниот одбор на Сојузот.

Постојани комисии на Мобилност Македонија се:

- Статутарно-правна комисија;
- Комисија за избори и именување;
- Комисија за труд и социјална политика;
- Комисија за здравство;
- Комисија за закрепнување и рехабилитација;
- Комисија за спорт;
- Комисија за култура;
- Комисија за образование;
- Комисија за организација на ликовна колонија;
- Дисциплинска комисија;
- Уредувачки одбор.

Комисиите се составени од 3 или 5 членови.

**Статутарно правната комисија:**

- го изготвува предлогот на Статутот на сојузот;
- ги разгледува иницијативите и предлозите за измени на Статутот;
- ја следи примената на Статутот и ги разгледува начелните прашања од статутарен карактер;
- го изготвува предлогот на Деловникот за работа на Собранието на сојузот;
- подготвува мислења по предлог-правилниците кои се однесуваат на сојузот;
- дава мислење со предлог за толкување на Статутот на сојузот и други општи акти во надлежност на Мобилност Македонија;
- ги разгледува и дава мислења со предлог во однос на законите кои се однесуваат за лицата со телесен инвалидитет;
- расправаат и за други работи од областа за која се формирани.

Членови на комисијата:

- Елица Трпковска – претседател;
- Митко Фидановски;
- Марина Ташкова.

**Комисијата за избори и именувања:**

- разгледува и подготвува предлози за избор и именување на членови во органите и телата на Мобилност Македонија;
- врши разрешување на член на органи и тела на сојузот врз основа на лично барање, а во согласност со закон;
- дава предлог за награди и признанија до Управниот одбор на сојузот;
- дава предлог за прогласување на почесен член на Мобилност Македонија до Управниот одбор на сојузот;
- расправаат и за други работи од областа за која се формирани.

Членови на комисијата:

- Бранимир Јовановски – претседател
- Елица Трпковска
- д-р Нико Јанков
- Миланчо Арсовски
- Авни Хисмани

**Комисијата за труд и социјална политика**

- ги разгледува прашањата во врска со законите и подзаконските акти кои се однесуваат на вработувањето и социјалната заштита на лицата со телесен инвалидитет;
- дава иницијатива за измени и дополнувања на законите кои се однесуваат на овие области;
- дава мислење со предлог за подобрување на можностите и условите за вработување на лицата со телесен инвалидитет;
- дава мислење со предлог за остварување на право, како и зголемување на социјалните надоместоци кои ги примаат лицата со телесен инвалидитет;
- подготвува компаративни анализи на македонската легислатива за вработување и социјалните права на лицата со телесен инвалидитет, со легислативата од државите од регионот и пошироко;
- расправаат и за други работи од областа за која се формирани.

Членови на комисијата:

- проф. д-р Горан Ајдински - претседател
- проф. д-р Оливера Рашиќ-Цаневска
- Горан Спасов

**Комисијата за здравство:**

- ги разгледува прашањата во врска со законите и подзаконските акти кои се однесуваат на здравствената заштита на лицата со телесен инвалидитет;
- дава иницијатива за измени и дополнувања на законите кои се однесуваат на оваа област;
- дава мислење со предлог за подобрување на можностите, условите и рокови за набавка на ортопедски помагала за лицата со телесен инвалидитет согласно Листата на ортопедски помагала и Правилникот за индикации за остварување на право на ортопедски и други помагала;
- подготвува компаративни анализи на македонската легислатива за здравствена заштита и ортопедски помагала на лицата со телесен инвалидитет, со легислативата од државите од регионот и пошироко;
- расправаат и за други работи од областа за која се формирани.

Членови на комисијата:

- д-р Нико Јанков - претседател
- Борче Стојков
- Миланчо Арсовски

**Комисијата за закрепнување и рехабилитација:**

- ги разгледува прашањата во врска со законите и подзаконските акти кои се однесуваат на закрепнување и рехабилитација на лицата со телесен инвалидитет;
- дава иницијатива за измени и дополнувања на законите и подзаконските акти кои се однесуваат на оваа област;
- дава мислење со предлог за подобрување на можностите, условите и рокови за закрепнување и рехабилитација за

лицата со телесен инвалидитет согласно закон и подзаконските акти;
- подготвува компаративни анализи на македонската легислатива за закрепнување и рехабилитација на лицата со телесен инвалидитет, со легислативата од државите од регионот и пошироко;
- разгледува и одлучува по барањата за користење на закрепнување и рехабилитација на членовите во органите и телата на сојузот, во објектите бр. 8 и 12 сопственост на Мобилност Македонија;
- расправаат и за други работи од областа за која е формирана.

Членови на комисијата:
- Велибор Јакимовски - претседател
- Тоде Арсов
- Михајло Михајлов

**Комисијата за спорт:**
- ги разгледува прашањата во врска со законите и подзаконските акти кои се однесуваат на организација на спортот на лицата со телесен инвалидитет;
- дава иницијатива за измени и дополнувања на законите и подзаконските акти кои се однесуваат на оваа област;
- подготвува компаративни анализи на македонската легислатива за спорт и рекреација на лицата со телесен инвалидитет, со легислативата од државите од регионот и пошироко;
- изготвува Пропозиции и Програма за одржување на Републички спортски игри на Мобилност Македонија, како и за државното првенство во шах;
- утврдува листа на директно пласирани учесници на Републичките спортски игри на Мобилност Македонија;
- ги разгледува и одлучува по пријавите за учество на натпреварите од страна на здружените членки;
- одлучува за учесници на домашни и меѓународни натпревари по добиена покана од организаторите;
- расправаат и за други работи од областа за која е формирана.

Членови на комисијата:
- проф. д-р Горан Никовски - претседател
- Лидија Успрцова
- Ристе Станковски

**Комисијата за култура:**
- изготвува Пропозиции и Програма за одржување на музички средби на Мобилност Македонија;
- утврдува листа на учесници на културните манифестации на Мобилност Македонија;
- расправаат и за други работи од областа за која е формирана.

Членови на комисијата:
- Стеван Ангелески - претседател
- Гоце Миновски
- Кире Огненовски

**Комисијата за образование**
- ги разгледува прашањата во врска со законите и подзаконските акти кои се однесуваат на образованието на лицата со телесен инвалидитет, во сите степени на образование;
- дава иницијатива за измени и дополнувања на законите кои се однесуваат на оваа област;
- дава мислење со предлог за подобрување на можностите и условите за упис на лицата со телесен инвалидитет во сите степени на образование;
- дава мислење со предлог за обезбедување на асистенти во настава за лицата со телесен инвалидитет на кои им се потребни, како и асистивна технологија;
- подготвува компаративни анализи на македонската легислатива за образование на лицата со телесен инвалидитет, со легислативата од државите од регионот и пошироко;
- расправаат и за други работи од областа за која се формирани.

Членови на комисијата:
- Габриела Јовчевска - претседател
- Фани Јакимовска
- Јелена Трајковиќ

**Комисијата за организација на ликовна колонија;**
- врши избор на ликовни уметници и талентирани лица со телесен инвалидитет од државата и земјите од регионот и пошироко, за учество на Ликовна колонија на Мобилност Македонија;
- изготвува Програма за одржување на меѓународна ликовна колонија на Мобилност Македонија;
- предлага набавка на сликарски материјал за потреби на учесниците на Ликовната колонија;
- организира врамување на ликовните дела од колонијата, утврдуваат цена на ликовните дела, како и организација на Изложба на ликовни дела од колонијата со пропратен материјал;
- расправаат и за други работи од областа за која е формирана.

Членови на комисијата:
- проф. Зоран Јакимовски - претседател
- Тома Димовски
- Дејан Ѓорѓиевски

**Дисциплинска комисијата:**
- надлежностите на Дисциплинската комисија се утврдени со посебен Правилник за дисциплинска и материјална одговорност.

Членови на комисијата:
- Марина Ташкова - претседател
- Махмут Изаири
- Марија Стојановска

**Уредувачки одбор на списанието „МОБИЛНОСТ“:**
- го уредува и подготвува за објавување на веб-страницата на Сојузот и за печатење на списанието „МОБИЛНОСТ“, 3-4 броја во тековната година;
- од редот на уредниците на списанието бира главен уредник со мандат од 1 година;
- одлучува кои текстови ќе бидат објавени во списанието;

Членови на одборот:
- Бранимир Јовановски
- Д-р Нико Јанков
- Митко Фидановски

Претседателот и генералниот секретар на Мобилност Македонија, согласно Статутот, можат да остваруваат средби со институциите и други организации, да праќаат дописи за подобрување на правата и положбата на лицата со телесен инвалидитет до истите, и да вршат работи по однос на кое било прашање од надлежноста на комисиите, а во интерес на лицата со телесен инвалидитет, без заседавање на истите.

*Б. Јовановски*

# ОДРЖАН 30. РЕПУБЛИЧКИ КВИЗ НАТПРЕВАР НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА

На 28-29.09.2024 година во хотелот «Струшки Галеб» во Струга, во организација на Мобилност Македонија беше одржано триесеттото, јубилејно издание на Републичкиот квиз натпревар на лицата со телесен инвалидитет на Македонија, на кој учество зедоа 16 екипи од здружените членки на сојузот.

И овој пат, Мобилност Македонија организираше и одржа уште една содржајна и беспрекорна културна манифестација, за која традиционално прашањата ги подготви Зоран Јорданов, за техничка подготовка и компјутерска обработка на податоци беше задолжен Тони Пајдаков, водител на манифестацијата беше Бранимир Јовановски, а жири комисијата беше во состав: Совка Прчева, Гораст Велковски и Зоран Јорданов.

Во фер и коректна борба пропратена со изобилство на знаење и точни одговори, најдобар успех и титула «шампион на знаење за 2024 година» ја освои екипата на Мобилност Скопје 2 во состав Христина Просковска, Игор Николовски и Шериф Шерифовски кои освоија 99 поени, второто место му припадна на Мобилност Куманово кое го претставуваше Страшко Коцевски кој освои 68 поени, додека третото место го освои Мобилност Велес во состав Зоран Димов и Владо Владов кои освоија 60 поени. На четвртото место се пласира екипата на Мобилност Тетово во состав Веле Јаќимовски, Драге Маркоски и Виктор Дамјановски кои освоија 30 поени.

Овие четири екипи ќе бидат носители на четвртфиналните групи на следното издание на квизот идната година.

А се започна со жребањето со кое беше одреден редоследот на шеснаесетте четвртфиналисти поделени во четири четвртфинални групи. Според пропозициите, првопласираните 2 екипи од четвртфиналните борби го продолжуваат учеството, додека третата и четврто пласираната екипа во секоја од групите ги завршуваат борбите.



По одржување на првата четвртфинална група, првото место го освои екипата на Мобилност Куманово со освоени 65 поени, второто екипата на Мобилност Скопје 1 со освоени 49 поени, а натамошните борби завршија за третопласираната екипа на Мобилност Прилеп која освои 47 поени, како и за четвртопласираната екипа на Мобилност Гевгелија која освои 17 поени.

По одржување на втората четвртфинална група, првото место го освои екипата на Мобилност Скопје 2 со освоени 99 поени, второто екипата на Мобилност Велес со освоени 68 поени, а натамошните борби завршија за третопласираната екипа на Мобилност Кичево која освои 49 поени, како и за четвртопласираната екипа на Мобилност Струмица која освои 37 поени.

По одржување на третата четвртфинална група, првото место го освои екипата на Мобилност Битола со освоени 62 поени, второто екипата на Мобилност Тетово со освоени 48 поени, а натамошните борби завршија за третопласираната екипа на Мобилност Свети Николе која освои 35 поени, како и за четвртопласираната екипа на Мобилност Кавадарци која освои 18 поени.

По одржување на првата четвртфинална група, првото место го освои екипата на Мобилност Кочани со освоени 118 поени, второто екипата на Мобилност Штип со освоени 50 поени, а натамошните борби завршија за третопласираната екипа на Мобилност Радовиш која освои 36 поени, како и за четвртопласираната екипа на Мобилност Дебар која освои 21 поен.



Во првото полуфинале се сретнаа екипите на Мобилност Куманово, Мобилност Скопје 2, Мобилност Битола и Мобилност Штип. По жестока и мошне неизвесна борба редоследот во оваа полуфинална група беше:

1. Мобилност Скопје 2 со освоени 88 поени,
2. Мобилност Куманово со освоени 74,
3. Мобилност Штип со освоени 70 и
4. Мобилност Битола со освоени 17 поени.

За натамошните борби во финалето се пласираа екипите на Мобилност Скопје2 и Мобилност Куманово, додека борбите ги завршија екипите на Мобилност Штип и Мобилност Битола.



Во второто полуфинале се сретнаа екипите на Мобилност Скопје 1, Мобилност Велес, Мобилност Тетово и Мобилност Кочани. Редоследот во ова полуфинална група на крајот беше следниот:

1. Мобилност Велес со освоени 94 поени,
2. Мобилност Тетово со освоени 68 поени,
3. Мобилност Кочани со освоени 53 поени и
4. Мобилност Скопје 1 со освоени 37 поени.

За натамошните борби во финалето се пласираа екипите на Мобилност Велес и Мобилност Тетово, додека борбите ги завршија екипите на Мобилност Кочани и Мобилност Скопје 1.



Мораме да го истакнеме знаењето и понудените мноштво точни одговори од страна на сите учесници. Ова е квиз во живо, а според зборовите на повеќе квизации кои го следеа натпреварот, овој квиз заслужува да се најде на програмата на некоја од нашите национални телевизии. Ќе се обидеме ова идеја да ја реализираме во наредните години, со што уште повеќе ќе придонесеме за инклузија и подигањето на нивото на јавното мнение за можностите на лицата со телесен инвалидитет.

Средства за одржување на оваа традиционална културна манифестација беа обезбедени преку Министерство за социјална политика, демографија и млади за финансирање на програмските активности за 2024 година.

*Б.Јовановски*



# 36. РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА

Од 20 до 23.6.2024 година, во Струга и Охрид, во организација на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија - Мобилност Македонија, и во соорганизација со Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, се одржаа 36. Републички спортски игри на лица со телесен инвалидитет на Македонија на која учествуваа повеќе од 100 спортисти со инвалидност од Македонија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Бугарија и Босна и Херцеговина.




По традиција, Игрите стартуваа со натпревари во спортско стрелаштво. Во вечерните часови на 20.6.2024 на стрелиштето „Бејбунар“ во Охрид беа одржани натпреварите во стрелаштво. Во фер и коректна борба беа постигнати следните резултати:

Воздушен пиштол микс

| | Име и Презиме | Мобилност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Оливера Наковска-Бикова | Битола | 92 | 96 | 97 | 92 | 95 | 95 | 567 |
| 2 | Александар Јовановски | Скопје | 85 | 94 | 90 | 93 | 91 | 91 | 544 |
| 3 | Ванчо Каранфилов | Скопје | 93 | 89 | 88 | 86 | 91 | 87 | 534 |
| 4 | Небојша Пејовски | Струга | 81 | 81 | 85 | 85 | 87 | 82 | 501 |
| 5 | Златко Биков | Битола | 76 | 75 | 73 | 77 | 77 | 73 | 451 |
| 6 | Михајло Михајлов | Кавадарци | 60 | 66 | 74 | 75 | 71 | 61 | 407 |

Воздушна пушка CX1 микс

| | Име и Презиме | Мобилност | 1 | 2 | 3 | 4 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Бранимир Јовановски | Куманово | 82 | 87 | 80 | 72 | 321 |
| 2 | Зоран Јовановски | Струмица | 80 | 74 | 77 | 82 | 313 |
| 3 | Елизабета Тодоровска | Куманово | 72 | 77 | 76 | 76 | 301 |
| 4 | Новча Тодоровски | Куманово | 61 | 73 | 80 | 73 | 287 |
| 5 | Ванчо Каранфилов | Скопје | 77 | 72 | 72 | 65 | 286 |
| 6 | Ѓорѓи Здравески | Прилеп | 71 | 68 | 69 | 64 | 272 |
| 7 | Николчо Станојовски | Битола | 58 | 63 | 76 | 72 | 269 |
| 8 | Благица Ѓорѓиевска | Гевгелија | 67 | 63 | 67 | 64 | 261 |
| 9 | Мендо Дивјаковски | Битола | 62 | 51 | 63 | 70 | 246 |
| 10 | Влатко Најдоски | Прилеп | 57 | 45 | 62 | 63 | 227 |
| 11 | Тони Радевски | Битола | 43 | 47 | 67 | 52 | 209 |
| 12 | Стеван Ангелески | Прилеп | 55 | 40 | 76 | 34 | 205 |
| 13 | Горан Целајков | Гевгелија | 46 | 31 | 53 | 52 | 182 |
| 14 | Неки Дани | Струга | 21 | 22 | 27 | 41 | 111 |
| 15 | Нусредин Маловски | Дебар | 24 | 17 | 18 | 25 | 84 |




Воздушна пушка СХ 2

| р/б | Име и Презиме | Мобилност | 1 | 2 | 3 | 4 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Игорчо Постолов | Струмица | 66 | 66 | 76 | 75 | 283 |
| 2 | Дарко Неделјковиќ | Струмица | 58 | 70 | 72 | 64 | 264 |
| 3 | Никола Марковски | Кочани | 50 | 50 | 59 | 54 | 213 |

Вториот натпреварувачки ден, на 21.06.2024 година, се одржаа натпреварите во пинг- понг и беа постигнати следните резултати:

**МАЖИ КЛАСИ 3-5**

1. Зоран Јовановски – Струмица
2. Бранимир Јовановски – Куманово
3. Васил Росомански – Кавадарци
4. Михајло Михајлов - Кавадарци
5. Илчо Кангов – Гевгелија

**МАЖИ КЛАСИ 6-8**

1. Рубинчо Ристески – Прилеп
2. Игорчо Постолов – Струмица
3. Тони Митровски – Скопје
4. Томи Јаневски - Битола
5. Марјан Зафировски – Скопје
6. Ванчо Каранфилов – Скопје
7. Николчо Делов – Кавадарци
8. Огнен Илиевски – Прилеп (јуниор)
9. Николчо Станоевски - Битола
10. Златко Биков – Битола

**МАЖИ КЛАСИ 9-10**

1. Страшко Коцевски – Куманово
2. Небојша Ташиќ - Куманово
3. Митко Сотировски – Охрид
4. Дејан Алексовски – Скопје
5. Тони Радевски - Битола
6. Зоран Трајановски – Скопје
7. Никола Марковски – Кочани










**ЖЕНИ КЛАСИ 6-10**

1. Олга Ристовска – Скопје
2. Лилјана Мицовска – Кочани
3. Биљана Калушовска – Скопје
4. Тајна Ристеска – Прилеп

Истиот ден во попладневните часови се одигра меѓународниот турнир „Македонија Опен 2024", на кој учествуваа пингпонгари од 6 држави. Во исклучително атрактивна и борбена игра, како и фер и коректна атмосфера, беа постигнати следните резултати:

**МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР „МАКЕДОНИЈА ОПЕН 2024"**

**МИКС КЛАСИ 3-5**

1. Самра Којиќ – Црна Гора
2. Мариета Магдиќ – Хрватска
3. Виктор Јозиќ – Хрватска
4. Васил Росомански – Македонија
5. Зоран Јовановски – Македонија
6. Милан Масникоса - Србија

**ЖЕНИ КЛАСИ 6-10**

1. Јорданка Тодорова -Бугарија
2. Милијана Ќирковиќ – Црна Гора
3. Лилјана Мицовска – Македонија
4. Бојана Калушовска - Македонија

**МАЖИ КЛАСИ 6-8**

1. Павли Господинов – Бугарија
2. Пјетро Палушевиќ – Црна Гора
3. Горан Вељковиќ-Хрватска
4. Вјекослав Ѓира – Хрватска
5. Томи Каневски – Македонија
6. Тони Митровски – Македонија
7. Игорчо Постолов – Македонија
8. Рубинчо Ристески – Македонија

**МАЖИ КЛАСИ 9-10**

1. Илија Томиќ – Хрватска
2. Касим Цериќ – БиХ
3. Паун Втов – Бугарија
4. Тома Блажевиќ – Хрватска
5. Иван Иванов – Бугарија
6. Дејан Башановиќ – Црна Гора

**ЕКИПНО**

1. ХРВАТСКА
2. ЦРНА ГОРА
3. БУГАРИЈА
4. БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА
5. МАКЕДОНИЈА II
6. МАКЕДОНИЈА I














Третиот натпреварувачки ден на 22.6.2024 година, на стадионот „Атина Бојаџи“, во Охрид, се одржаа натпреварите во атлетски повеќебој. Во исклучително тешки атмосферски услови со висока температура на воздух, беа постигнати следните резултати:

Мажи Ф53-57

| | Име и презиме | Класа | Мобилност | Ѓуле | Диск | Копје | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Зоран Јовановски | Ф55 | Струмица | 6,18 | 16,57 | 13,88 | 1404,3 |
| 2 | Адем Неби | Ф57 | Скопје | 7,46 | 18,7 | 15,83 | 1364,7 |
| 3 | Златко Арсовски | Ф55 | Кочани | 5,48 | 15,08 | 14,32 | 1316,6 |
| 4 | Гоце Миновски | Ф56 | Скопје | 5,86 | 14,8 | 13,73 | 1265,6 |
| 5 | Горан Целајков | Ф57 | Гевгелија | 6,5 | 17,81 | 12,57 | 1190,1 |
| 6 | Горан Спасов | Ф57 | Скопје | 6,12 | 13,49 | 14,41 | 1116,6 |
| 7 | Димче Паунов | Ф57 | Кочани | 4,23 | 11,04 | 10 | 809,57 |
| 8 | Пецо Петковски | Ф56 | Скопје | 4,41 | 10,1 | 5,81 | 801,52 |
| 9 | Славиша Ѓукановиќ | Ф57 | Србија | 4,48 | 10,08 | 9,51 | 795 |
| 10 | Милан Маслинкоса | Ф56 | Србија | 3,67 | 8,44 | 8,36 | 764,58 |
| 11 | Игор Димитриев | Ф57 | Струмица | 4,74 | 10,33 | 6,24 | 735,47 |
| 12 | Николчо Станојоски | Ф57 | Битола | 3,63 | 8,03 | 0 | 442,65 |














Жени Ф54-57

| | Име и презиме | Класа | Мобилност | Ѓуле | Диск | Копје | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Елена Давитковска | Ф56 | Куманово | 4,74 | 11,7 | 9,47 | 1490 |
| 2 | Даниела Гошева Кангов | Ф57 | Гевгелија | 3,99 | 8,49 | 8,17 | 1129 |
| 3 | Благица Ѓорѓиевска | Ф57 | Гевгелија | 4,53 | 7,5 | 6,74 | 1074 |
| 4 | Сања Раткова | Ф57 | Кочани | 4,03 | 6,62 | 5,77 | 942 |
| 5 | Љубица Боевска | Ф57 | Струмица | 3,83 | 6,56 | 5,56 | 909 |
| 6 | Јелена Трајковиќ | Ф57 | Скопје | 3,06 | 7,04 | 5,99 | 872 |

Жени Ф37, Ф42-46 и општа

| | Име и презиме | Класа | Мобилност | Ѓуле | Диск | Копје | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Тамара Гошева | Ф46 | Гевгелија | 6,06 | 15,7 | 15,98 | 1307 |
| 2 | Марина Стојчева | општа | Скопје | 5,58 | 15,11 | 13,68 | 1191 |
| 3 | Нада Цветковска | Ф46 | Куманово | 6,07 | 15,7 | 10,81 | 1167 |
| 4 | Силвана Трајковска | општа | Скопје | 5,45 | 13,71 | 13,68 | 1147 |
| 5 | Лидија Успрцова | Ф42 | Штип | 4,33 | 10,59 | 8,02 | 1085 |
| 6 | Зорица Сандева | Ф44 | Штип | 4,99 | 13,54 | 10,72 | 1061 |
| 7 | Лидија Вељановска | општа | Битола | 5,39 | 12,67 | 10,88 | 1041 |
| 8 | Цветанка Стојанова | Ф37 | Струмица | 4,78 | 9,34 | 5,01 | 995 |
| 9 | Зорица Арсовска | општа | Скопје | 4,34 | 9,41 | 9,39 | 837 |
| 10 | Тајна Ристеска | Ф37 | Прилеп | 3,39 | 7,1 | 5,35 | 798 |
| 11 | Јасмина Стојановска | општа | Скопје | 3,82 | 8,65 | 9,63 | 782 |
| 12 | Маре Трајкова | општа | Радовиш | 3,88 | 8,69 | 7,7 | 735 |







Мажи Ф36-38, Ф42-44 и општа

| | Име и презиме | Класа | Мобилност | Ѓуле | Диск | Копје | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Никола Пеев | Ф36 | Гевгелија | 7,07 | 20,31 | 16,3 | 1588 |
| 2 | Александар Талески | општа | Гевгелија | 8,37 | 21,2 | 32,41 | 1436 |
| 3 | Дарко Спирковски | Ф44 | Битола | 7,7 | 24,23 | 22,3 | 1338 |
| 4 | Никола Марковски | Ф46 | Кочани | 9,01 | 20,29 | 22,01 | 1292 |
| 5 | Горан Димчевски | Ф42 | Битола | 7,14 | 14,37 | 19,92 | 1252 |
| 6 | Марјан Зафировски | Ф37 | Скопје | 8 | 18,53 | 15,73 | 1219 |
| 7 | Мендо Дивјаковски | општа | Битола | 6,59 | 19,65 | 23,92 | 1160 |
| 8 | Ристе Станковски | општа | Велес | 7,65 | 17,85 | 19,57 | 1123 |
| 9 | Благојче Негриевски | Ф37 | Скопје | 6,53 | 18,3 | 14,3 | 1087 |
| 10 | Имер Сефери | Ф44 | Скопје | 6,32 | 19,65 | 15,39 | 1040 |
| 11 | Тони Митровски | Ф42 | Скопје | 6,32 | 16,02 | 10,6 | 1039 |
| 12 | Шериф Шерифи | Ф44 | Скопје | 6,67 | 18,52 | 14,21 | 1020 |
| 13 | Иван Георгиев | Ф37 | Штип | 5,92 | 18,1 | 13,05 | 1016 |
| 14 | Паун Втов | Ф46 | Бугарија | 6,45 | 23,6 | 8,55 | 977 |
| 15 | Златко Биков | Ф37 | Битола | 5,44 | 16,17 | 12,86 | 943 |
| 16 | Зоран Димов | општа | Велес | 5,59 | 15,5 | 17,95 | 924 |
| 17 | Тоде Арсов | Ф44 | Штип | 6,1 | 14,25 | 14,31 | 907 |
| 18 | Тони Радевски | општа | Битола | 5,99 | 15,2 | 15,26 | 901 |
| 19 | Скендер Рахмановски | Ф38 | Дебар | 5,55 | 11,92 | 10,24 | 848 |
| 20 | Осман Ципалов | Ф44 | Радовиш | 5,74 | 12,67 | 13,49 | 840 |
| 21 | Енвер Шерифовски | општа | Кичево | 5,22 | 12,8 | 9,37 | 713 |
| 22 | Миланчо Арсовски | општа | Велес | 5,33 | 12,1 | 8,84 | 699 |
| 23 | Васко Тушевски | општа | Скопје | 6,18 | 13,08 | 0 | 628 |
| 24 | Неки Дани | Ф44 | Струга | 0 | 10,7 | 10,14 | 384 |
| 25 | Дејан Ѓорѓиевски | Ф42 | Скопје | 1,15 | 0,92 | 1,28 | 132 |

Вкупно, на 36. Републички спортски игри на лица со телесен инвалидитет на Македонија беа доделени медали во следните дисциплини:

**- 2 комплета медали во стрелаштво** - Воздушен пиштол микс и Воздушна пушка СХ1 микс

**- 4 комплети медали во пинг-понг** - Микс класи 3-5, Мажи класи 6-8, Мажи класи 9-10 и Жени класи 6-10

ТАБЕЛА на освоени медали на 36. Републички спортски игри 2024

| | МОБИЛНОСТ | Златни | Сребрени | Бронзени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Куманово** | **3** | **2** | **2** | **7** |
| 2 | **Гевгелија** | **2** | **2** | **1** | **5** |
| 3 | **Струмица** | **2** | **2** | | **4** |
| 4 | Скопје | 1 | 3 | 3 | 7 |
| 5 | Битола | 1 | | 1 | 2 |
| 6 | Прилеп | 1 | | | 1 |
| 7 | Кочани | | 1 | 1 | 2 |
| 8 | Кавадарци | | | 1 | 1 |
| 9 | Охрид | | | 1 | 1 |






**- 4 комплети медали во атлетика** - Мажи Ф54-57, Жени класи Ф54-57, Мажи класи 37, 42-46 и општа, Жени класи 37, 42-46 и општа.

Натпреварувачи од 9 здружени членки на Мобилност Македонија се закитија со медали. Најуспешни беа спортистите на **Мобилност Куманово** кои освоија 7 медали, и тоа: 3 златни, 2 сребрени и 2 бронзени, второпласирана е екипата на **Мобилност Гевгелија** со 5 медали и тоа: 2 златни, 2 сребрени и 1 бронзен медал, а третопласирана е екипата на **Мобилност Струмица** со 4 медали и тоа: 2 златни и 2 сребрени медали.

Вечерта во хотелот „Струшки галеб“ во Струга, во свечена атмосфера беа доделени медалите и пехарите на најуспешните спортисти во домашна и меѓународна конкуренција, а потоа дружењето продолжи со пријатните звуци на локалните музичари.

Средства за овој настан се обезбедени преку Министерството за труд и социјална политика за финансирање на програмските активности на сојузот за 2024 година.

*Б. Јовановски*

## ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ ВО МАНАСТИРОТ „ПЕТТИ КЛАДЕНЦИ“

Меѓуопштинското здружение на лица со телесен инвалидитет на Куманово, Кратово и Крива Паланка – Мобилност Куманово, на 26.5.2024 година организираше еднодневен излет за лица со телесен инвалидитет во манастирот „Петти Кладенци“ во Шопско Рударе, Кратово, на кој присуствуваа лица со телесен инвалидитет од: Мобилност Штип, Мобилност Битола, Мобилност Кочани, Мобилност Тетово, Мобилност Струмица, Мобилност Скопје, ССРИ Битола и повеќе членови на Мобилност Куманово, Кратово и Крива Паланка.

Домаќинот на излетот, Мобилност Куманово, обезбеди скромен ручек и безалкохолни пијалаци за сите учесници на средбата, додека патните трошоци беа на сметка на учесниците. Во манастирскиот комплекс беше забрането пушење и сите пушачи мораа да излезат од дворот на манастирот (околу 15 метри), а според зборовите на дел од учесниците мал проблем претставуваше местоположбата на тоалетот кој иако имаше широки влезни врати, не беше најпристапен за лицата со потежок телесен инвалидитет.

Мобилност Куманово им се заблагодарува на спонзорите на ова манифестација кои донираа храна и пијалоци и тоа: „Бучен Козјак“, „Кватро“, „Зафир“, „Моша Мел“, „Косиљак“, „Визијана“, „Најден“ и „Златен Клас“,сите од Куманово.

Излетот помина во пријатна атмосфера со посета на манастирските објекти, весело дружење и заеднички ручек на учесниците послужени со манастирски грав, а како дополнителна вредност на настанот беше убавото и пријатно време, зеленилото што го опкружува манастирскиот комплекс и жуборењето на кладенците со лековита вода според кои манастирскиот комплекс го добил името.

*Б. Јовановски*





# УЧЕСТВО НА ЧЛЕНОВИТЕ НА МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА НА ПРОЕКТ-РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА СЛОБОДНИОТ ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

На 18 мај 2024 година, во организација на здружението Инклузива од Куманово, членовите на здружението Мобилност Гевгелија беа поканети да присуствуваат на проект-работилница. Целта на овој проект беше како полесно да се дојде до информации што се од јавен карактер. Имајќи предвид дека Здружението работи со исклучително ранлива категорија на граѓани, на кои информациите им се тешко достапни, оваа работилница придонесе за информираност кај членовите за начинот на полесен пристап до јавните информации. Работилницата беше одржана во хотел „Романтик“ – Стар Дојран, а како одговорен за оваа работилница се обрати претседателот на здружението „Инклузива“, г-ѓа Благица Димитровска, која најпрвин започна со краток вовед на презентацијата и објасни што претставува Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, што се информации од јавен карактер, кој е овластен имател на информациите, што треба да имаме предвид пред да се поднесе барање за информација, што се наведува во самото барање, кои се формите на поднесување на барање за добивање информација. При одбивање за повратен одговор кои се чекорите за поднесување на жалба и сл. На оваа работилница присуствуваа дел од членовите на Мобилност Гевгелија и членови на Здружение на глуви и наглуви од други општини, а нивното мислење беше протолкувано од новинарот толкувач на знаковен јазик, г-ѓа Марија Стојановска. На работилницата, членовите имаа можност да ја исцрпат суштината на темата преку примери од секојдневието. А, исто така, на сите учесници им беше поделен прирачник кој ќе им послужи како алатка за да пристапат до посакуваната јавна информација. Од оваа работилница членовите се здобија со позитивни искуства, па, се надеваме, дека ќе продолжиме со понатамошна меѓусебна соработка.

*Валерија Пеева*







# ИЗГРАДЕН ИНКЛУЗИВЕН ПАРК ВО ГЕВГЕЛИЈА

По формирање на Фондацијата што го носи името „Ице Бегов”, формирана во чест на прерано починатото лице Ице Бегов, инаку лице со попреченост, мисијата на неговите родители не престанува тука. Од формирањето на самата фондација, па сè до денес, многу пати ја покажаа хуманоста на дело со многубројни донации, организирање на хуманитарни инклузивни настани, донации по здруженија на лица со посебни потреби и слично. Тие ненадејно дошле до идеја за изградба на Инклузивен парк кој се наоѓа во дворот на Пионерски дом Гевгелија, а е поддржан од Општина Гевгелија, Планинарскиот клуб „Кожув Гевгелија“ и многу странски донации, кои потпомогнаа во исполнување на крајната цел



- Паркот да биде збогатен со детски играчки и лулашки, украсен летниковец на средината од паркот, клупи, и дрвца, засадени од граѓаните и, од нашите членови, и голем тревник. Изненадени бевме од поканата и од овој хуман настан, па чест и задоволство ни беше да засадиме дрвца, а, исто така, и дел од нашите членови да бидат присутни на самото отворање на овој парк. Паркот ќе претставува добро место за, прошетка, одмор и релаксација на секој посетител и сите граѓани кои ќе имаат можност да го посетат и да уживаат во неговата убавина. Со отворањето на инклузивниот парк се оживува споменот на младото момче Ице Бегов, а воедно ќе ја краси Гевгелија со својата убавина. Ние, како претставници на Здружение, се надеваме дека и во иднина ќе продолжи нашата соработка и ќе бидеме дел од уште повеќе вакви хумани манифестации.

*Валерија Пеева*







## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЖЕНАТА, 8 МАРТ

На ден 7.3.2024 година, со почеток во 14 часот, во просториите на ресторан „Елени“ - Гевгелија беше одбележан Меѓународниот ден на жената, 8 Март. Овој ден беше исполнет со многу насмевка и ведар дух каде што членовите од понежната половина уште еднаш покажаа колку значи силата и моќта на една личност и покрај инвалидноста. А претседателот на здружението со краток говор им се обрати на сите членки и им упати кратка порака дека:

„Секогаш вреди да се трудиме и бориме за она што го сакаме без предрасуди и негативни мисли, бидејќи и покрај предизвиците и пречките ние сме силни и моќни личности и дека со силна верба и надеж ќе успееме да надминеме сè во животот“. И им упати благодарност за нивното присуство на оваа скромна прослава. На овој ден, на сите членови од понежниот пол, како мал знак на внимание, им беше подарено свежо цвеќе.

*Валерија Пеева*



# „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ НА КОЛОРС

На 27 јуни 2024 година, во просториите на Ректоратот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола (УКЛО) на Правниот факултет во Битола се одржа работилница со наслов „Од вмрежување до партнерство“. Организаторот е УКЛО, кој е меѓу (засега) деветте универзитети од Европската алијанса на регионални универзитети. Основната дејност е преку вмрежување и градење на партнерски односи со граѓанските организации од заедницата, заеднички да учествуваат во напредното создавање на општествена, зелена и дигитална транзиција. УКЛО е прв македонски универзитет вклучен во КОЛОРС (Колаборативни иновативни одржливи регионални универзитети). Алијансата трасира пат за трансформација на универзитетите и регионите, а покрај нашата земја, во неа членуваат уште и: Италија, Германија, Шведска, Шпанија, Хрватска, Полска, Франција и Летонија.

Методологијата на трансформација е со отворање на универзитетот кон бизнис- заедницата, граѓанскиот сектор и државата по принципот на четири хеликси. Средиште за мрежни поврзувања и користење на т.н. co-space или споделен простор за решавање на актуелни проблеми на нашето живеење. Сите односи се издигаат на ниво на Алијансата што ќе овозможи платформа и заемен напредок на европско ниво.

Ова е прва фаза со која го официјализираме нашето заедничко УКЛО партнерство. Инаку, после регистрацијата на присутните, настанот го отвори и поздрави ректорот на УКЛО, проф. д-р Игор Неделковски, додека проектот КОЛОРС го претстави академската раководителка на проектот, вонр. проф. д-р Рената Петреска-Нечковска. Студенти од УКЛО споделија досегашни искуства поврзани со волонтаризам во граѓански сектор, а проректорката на УКЛО, проф. д-р Јасмина Буневска-Талевска, зборуваше за досегашното искуство и активности на УКЛО во правец на соработка со граѓанскиот сектор. Канцеларијата на „споделениот простор“ ја претстави проф. д-р Мимоза Богданоска-Јовановска, назначена како Co-space Officer или, по наше, службеничка за споделениот простор, која воедно беше и модераторка на настанот.



Меѓу присутните имаше и околу 40 претставници на граѓански организации од разни профили, кои при претставувањето ги искажаа своите досегашни искуства и визии за понатамошна соработка, а ректорската управа, професорите и студентите соработка при вмрежување и партнерство со користење на сите ресурси на УКЛО во смисла на отворањето на универзитетот кон заедницата. Тука е особено важно и користење на услуги во простор, стручна помош, организација итн. За поздравување е и вмрежувањето на Македонското научно друштво од Битола со своите човечки ресурси од 320 доктори и магистри на наука поврзани со МАНУ. Мобилност Битола веќе 30 години ги користи услугите од МНД. Се разбира дека ова е прв чекор и наесен откако ќе ги искажеме по писмен пат нашите идеи, од септември почнуваме во овој иновативен простор со помош на КОЛОРС и фондовите на ЕУ за оваа намена.



Навистина, ова е еден освежувачки и надежен настан и база за креативни размислувања за решавање на проблеми и вмрежување до партнерство. Одиме понатаму.

Прим. д-р *Нико Јанков*

# ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ МОБИЛНОСТ БИТОЛА И НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

Следејќи ги своите програмски и статутарни цели, Мобилност Битола постојано се стреми да ја подобрува и зајакнува соработката со националните институции, а најнова во низата е Националната установа - универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола. Основана во далечната 1945 година како Градска народна библиотека, оваа институција е дел од јадрото на културниот живот на битолчани, а во изминатите две децении и еден од најпристапните културни и образовни објекти во градот.



Токму затоа, на 11 март 2024 година, на иницијатива на нашата членка Билјана Тодоровска, претседателот на Мобилност Битола, прим. д-р Нико Јанков, и директорот на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, м-р Бојан Стефановски, потпишаа Меморандум за соработка, што ќе придонесе за заемно збогатување на содржините и активностите.

Со овој Меморандум, двете страни потписници ќе се стремат кон остварување на повеќе цели, како што се: заемна размена на информации, знаења и искуства од областа на образованието и културата; учество, соработка и реализација на заеднички проекти, одбележување на значајни настани преку организирање на работилници, предавања, трибини, промоции и сл.; формирање на клуб за книги или група за дискусија која се фокусира на литература поврзана со попреченост, вклучување и зајакнување; разговори и презентации на автори; покана на авторите кои пишувале за попреченост или имаат лични искуства да ги споделат своите приказни и сознанија; работилници за уметност и занаетчиство, промовирајќи ја креативноста и самоизразувањето; часови со приказни за деца кои се фокусираат на теми за инклузивност, различност и прифаќање; сесии за раскажување приказни – каде што лицата со физичка попреченост можат да ги споделат своите приказни и искуства и други активности.

Она што е најважно за членовите на Мобилност Битола е дека со овој Меморандум се ослободуваат од плаќање на годишна членарина, односно можат бесплатно да ги користат услугите на библиотеката и може да се зачленат само со прикажување на членската книшка на здружението и лична карта.

Се надеваме дека оваа иницијатива е само почеток на една нова приказна и дека заеднички ќе испишуваме стотици страници со позитивни примери за сите нас. Активностите продолжуваат.

Прим. д-р *Нико Јанков*

# МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА ТЕАТАРСКАТА ПРЕТСТАВА „КРИПЛОВ ЗАГОВОР“

По покана од страна на Словенската амбасада, на 31 мај во Театар Комедија, со повеќе свои членови, Мобилност Скопје учествуваше на театарската претстава „Криплов заговор“.





Монодрамата е автобиографска приказна за професионалниот кошаркар Симон Шербинак, кој по една тешка несреќа ги губи своите долни екстремитети и станува траен телесен инвалид. Тука започнува неговата голгота што ја минува преку различни премрежиња дури до степен на суицидност. За среќа, времето застанува на негова страна, доживува „реинкарнација“ и патот го насочува кон светлиот ходник каде што тој преку драмското дело на режисерот Матјаж Латин станува актер и инвалидноста ја прикажува како еден вид сатира за гледачот, доза на иронија кон друштвото во општеството, храброст за моторната немоќ во борба за морам и умеам и еден куп мотивирачки мисли за тешкиот живот на инвалидот.

- Вакви личности и животни приказни кај нас, секако, дека има многу, но сигурно треба да се охрабриме а некој да се одважи, делото да го стави пред завесата на бината па да имаме и ние еден Симон и еден режисер Матјаж. Дотогаш храбрите мотиватори нека ни бидат потстрек за борба за секој од нас и ново прекрасно утро под ова небо...

*Христина Просковска*

# БИЛЈАНА ТОДОРОВСКА СО ОСМОМАРТОВСКО ГОСТУВАЊЕ НА МРТВ

Македонската радио-телевизија преку своите програми и емисии постојано ги следи активностите на Мобилност Битола и на нејзините членови. Прилози за нашите настани, гостувања во живо или со вклучување онлајн се само дел од нивниот придонес да ја информираат македонската јавност за настаните, достигнувањата и предизвиците на нашето здружение и на нашите членови.

На 8 Март 2024, по повод Меѓународниот ден на жената, гостинка во утринската емисија „Македонија наутро“ беше нашата членка Билјана Тодоровска, поетеса, дипломиран информатичар и магистер по драматургија, но и борец за рамноправност на лицата со попреченост.

Во разговорот со новинарката Ружица Ѓоршевска, Билјана раскажа за нејзините секојдневни предизвици и физички бариери кои мора да ги заобиколува, премостува и надминува, како и на многуте начини на кои таа се чувствува системски дискриминирана. Таа се осврна и на некои ограничувачки законски одредби, но и недоволно применување во пракса на веќепостојните закони, како што е законот за градба. Сепак, нагласи Билјана, има и многу сегменти во кои се чувствува рамноправна, а тоа е нејзиното творештво, искачувањето по скалите во нејзината зграда...




„Само физичкото е тоа што нè дели“, заклучи нашата членка, која периодов е актуелна и со учеството во театарската претстава „8%?“ на АТО Центарот за современа уметност и култура. Целиот разговор погледнете го со скенирање на QR кодот со вашиот телефон.

Прим. д-р *Нико Јанков*

# ВМРЕЖУВАЊЕ ВО КОЛОРС

На 12 септември 2024 година, на платото пред киното „Манаки“ на Широк Сокак, беше претставен новоформираниот ко-спејс, или по наше – споделен простор за соработка, на Европската универзитетска алијанса КОЛОРС и на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, кој годинава беше домаќин на исклучително редок настан – деветтиот „Форум на ректори на Југоисточна Европа и на Западен Балкан“.

Алијансата КОЛОРС овозможува на нов начин да се дизајнираат академските програми, студиски програми, практиканство, истражувања, да се редефинира начинот на кој функционира академијата. Соработката во КОЛОРС подразбира редефинирање на Академијата со други принципи, рече професорката Рената Петровска-Нечковска, којашто е задолжена за имплементација на програмата и активностите од Алијансата КОЛОРС на УКЛО. Мобилната единица ќе ја има во сите други градови каде што се наоѓаат факултетите и универзитетските единици.

Покрај претставувањето на овој простор на КОЛОРС, во рамките на тридневниот Ректорски форум, УКЛО организираше повеќе настани, меѓу кои и посета на Институтот за тутун во Прилеп, кој годинава одбележува 100 години постоење и Музејот на тутун, кој е втор најголем во светот, како и мултимедијалната театарска претстава по повод 45 години од формално-правното постоење како Универзитет на факултетски единици и институти и 90 години од формирањето на првото студентско здружение во Македонија.

Ректорот на УКЛО и долгогодишен пријател на Мобилност Битола, проф. д-р Игор Неделковски, горд на успешната



реализација на сите активности во рамките на Ректорскиот форум, изјави дека вредеа сите ангажмани и напори и посветеноста на сите вклучени кои учествуваа на настаните. Особено важно е што Универзитетот и Битола се претставија во најдоброто можно светло пред повеќе од 50 ректори кои учествуваа на Форумот.

Мобилност Битола е дел од проектот КОЛОРС од речиси самиот почеток, со учество на работилницата „Од вмрежување до партнерство“, што се одржа во јуни годинава и за кој нашите претставници (претседателот и проектниот менаџер на „Алтер трип“) добија сертификати. Се надеваме дека во наредниот период ќе имаме уште повеќе можности за заеднички активности и соработки под европската капа на КОЛОРС. Активностите продолжуваат.

Прим. д-р *Нико Јанков*

# ЕДУКАТИВНА СРЕДБА НА МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ СО ЗДРУЖЕНИЕТО „КАРИТАС“ И АСОЦИЈАЦИЈАТА „МЛАДИ ПРАВНИЦИ“

На 9 април 2024 година, во просториите на ДХО „Даре Џамбаз“, се одржа трибина помеѓу членовите на Мобилност Скопје, меѓународното здружение за помош и поддршка на социјално загрозени лица „Каритас“ и асоцијацијата на „Млади правници“. Средбата беше од социјално-хуман и едукативен карактер, со информативна нота и насоки за правна поддршка во областа на правото за користење повеќе закони од областа на труд и социјала во Македонија. Настанот со поздравен говор го отвори претседателот на Мобилност Скопје - Гоце Миновски, по кој зеде збор одговорниот на здружението „Каритас“ - Зоран Стојанов (отец при Католичката црква во Скопје), кој изрази огромна радост дека има можност да биде носител во поддршка на големо и сериозно здружение како што е Мобилност Скопје и вети дека ќе биде со нас секогаш во рамките на можностите на „Каритас“. Во програмата и темите на трибината, нè водеше социјалниот работник Александар Митаноски, кој во координација со Филип Стојанов и претседателката на здружението млади правници, г-ѓа Маја Атанасова, ги образложија битните компоненти за остварување право за додатоци на лицата со попреченост и тоа:



Социјалната заштита;

- Гарантирана минимална помош
- Надоместок заради попреченост
- Надоместок за помош и нега од друго лице
- Надоместок на плата за скратено работно време
- Други социјални додатоци (домување, траен надоместок)
- Детски додаток
- Социјална пензија

Правна помош и поддршка на корисниците при остварување на права;

- Правни механизми,
- Постапки и процедури
- Надлежни институции/комисии

По наративното излагање на стручните лица, следуваа прашања и одговори за кои се отворија долги дебати, но и се добија корисни информации за непознатото со соодветно дејствувања во иднина. „Каритас“ и здружението на „Млади правници“, широко и безрезервно ги отворија своите врати за помош во оваа област, односно на нашите членови им дадоа контакт за комуникации во насоки и помош при остварувања на своите права.

Мобилност Скопје е гордо на уште една извонредна соработка со организации кои се хумани и сакаат да помогнат за доброто на лицата со попреченост, но истовремено се тука да соработуваат со нас во насока на подобрување на систематизацијата во државата. За оваа цел, неизмерно им се заблагодаруваме на нашите пријатели од „Каритас“ и „Млади правници“, при што остануваме доследни на целите за дејствувањата на здружението предвидени во статутот на неговото работење и подобрување на животниот пат на членовите со телесен инвалидитет.

*Христина Просковска*

# ПАНЕЛ-ДИСКУСИЈА НА МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ СО ММСА

Долгогодишната соработка на Мобилност Скопје со нашата незаменлива проф. д-р Соња Бојаџиева, дава секогаш позитивни резултати во дејствувањето на различни полиња за лицата со телесен инвалидитет. Во тој контекст ја создадовме конекцијата со ММСА (Македонска медицинска студентска асоцијација) со која конструиравме неколку замисли на дејствување во идниот период.

По тој повод, на 13 мај, во ДХО „Даре Џамбаз“ - Скопје, во организација на Мобилност Скопје и ММСА, се одржа првата заедничка панел-дискусија под наслов: „Заедничка борба за подобар успех“.

Панел-дискусијата беше почетокот на проектирање задачи за нераскинлива врска помеѓу лицата со дијагнози и состојби и лекарската фела. На неа присуствуваа врвни професори, доценти и доктори при Државната клиника во Скопје, кои се лица со докажан професионализам, кредибилитет и достигнувања во своето поле на медицината, односно:

- проф. д-р Соња Бојаџиева (спец. педијатар на детската клиника во Скопје, редовен професор на катедрата по педијатрија, носител на 13-ноемвриската награда на град Скопје, хуманист итн.)



- проф. д-р Иван Барбов (спец. невролог при Клиниката за неврологија во Скопје, редовен професор при Катедрата за неврологија, активен панелист и дискутант во медиумите, хуманист и борец за подобрување на правата на лицата со невролошки заболувања итн.)

- доц. д-р Александар Савески (д-р ортопед при Клиниката за ортопедија во Скопје, иноватор, активист и хуманист при дејствување и помош на лицата со проблеми во областа на ортопедијата)

- проф. д-р Калина Гривчева-Старделова (спец. д-р на Клиниката за гастроентерохепатологија во Скопје и претседател на Лекарската комора на Македонија, хуманист и активист)

- проф. д-р Филип Дума (врвен спец. д-р по неврологија во пензија со огромно искуство, успешни мисии и неуморно присуство на панел-дискусии во насоки и помош на лицата со невролошки заболувања)

- проф. д-р Илија Кировски (врвен проф. д-р, пулмолог при Детската клиника во Скопје, неуморен хуманист и борец за човекови права)

- проф. д-р Стојан Бајрактаров (директор на Клиниката за психијатрија во Скопје, професионален, досетлив и инспиративен за огромен број пациенти во државата).

Настанот го отвори претседателот на Мобилност Скопје, Гоце Миновски, кој им се заблагодари за присуството на сите учесници во панел-дискусијата и даде ветување дека соработката со ММСА ќе продолжи во иднина, а нашата борба за подобри успеси нема да застане бидејќи таа е главната цел за нашето постоење. На бината свои говори со кратка презентација дадоа панелистите на вечерта, кои говореа за актуелни теми - секој во својата област (неврологија, гастрономија, педијатрија, пулмологија, психијатрија и ортопедија), придржувајќи се на новитетите и достигнувањата во медицината во последните години како и причините со последиците за забавеност на болестите и нивно анулирање, односно намалување на степенот на инвалидитет кај пациентите. По нив следуваа прашања од присутните за кои докторите дадоа соодветни одговори и на крај ветија дека во секоја следна трибина ќе бидат тука за нас со уште подетални излагања. Средбата се заврши со извонредни искуства и експресии од обете страни при што се создадоа многу нови идеи за идни панел-дискусии и настани каде сукцесивно ќе се разгледуваат проблемите со кои се соочуваат лицата со телесен инвалидитет.

Мобилност Скопје им се заблагодарува на сите професори, ММСА и претседателката Симона Ристовска, Медицинската комора на Македонија (од која имавме јавен предлог за соработка), МТВ и емисијата „Петтиот ангел“ за медиумското покривање како и на сите стотина члена и студенти присутни во салата.

*Христина Просковска*

# ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА ОД РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

Во корелација со Фондот за население на Обединетите Нации - УНФПА, Мобилност Скопје со повеќе свои членови, учествуваше на заедничка дискусија по однос на темата посветена за превенција и заштита од родово базирано насилство.

Настанот се одржа на 21 март 2024 година, во хотел „Хилтон“ каде што покрај засегнатите лица со попречености, учествуваа лица кои превенираат заштита при; Министерството за здравство, Центарот за социјална заштита, асоцијации на психолошки стручни лица и здружение на родители и поединци учесници. Целта на оваа средба беше да се отвори прашањето за остварување на правото на превенција, но и можностите и инструментите кои постојат во нашата држава и им овозможуваат на граѓаните со попреченост, со акцент на жените и девојките со попреченост, да бидат заштитени од родовото базирано насилство. За ова прашање се начнаа, дискутираа и отворија многу битни поенти кои се неминовно неопходни во секојдневието за секое засегнато лице. Она што за Мобилност Скопје беше можеби најбитно од настанот е неинформираноста на заедницата за постоењето на центрите како и нивната целосна функционалност за дејствување со превенцијата на засегнатите. За оваа цел, нашето здружение констатира дека треба да сме транспарентни, односно веднаш и ургентно да ги информираме нашите членови, да им ги дадеме потребните информации за содржините на центрите, а тоа се:

- ЦЕНТАР ЗА УПАТУВАЊЕ ЖРТВИ НА СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО ПРИ ЈЗУ УК ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО СКОПЈЕ, ЦЕНТАР ПРИ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА ТЕТОВО И ЦЕНТАР ПРИ ОПШТАТА БОЛНИЦА КУМАНОВО

- ЦЕНТРИ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НИЗ ПОВЕЌЕ ГРАДОВИ ВО МАКЕДОНИЈА

(Берово, Битола, Македонски брод, Виница, Валандово, Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар,

Крушево, Куманово, Крива Паланка, Кочани, Кичево, Кавадарци, Кратово, Неготино, Охрид, Радовиш, Скопје, Струга, Струмица, Свети Николе, Тетово и Штип)

-СОС линии

141 700 (бесплатна линија кон сите оператори) на НСРР (Национален совет за родова рамноправност (24/7)

15 315 на Кризен центар „Надеж“ (24/7)

02/15-700 на Организацијата на жени на град Скопје(24/7)

-Полициска станица 192

Заедничко за сите центри е дека треба да се знае за СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО и НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНА, ДЕВОЈЧЕ И МАЖ, дека е кривично дело за кое насилникот одговара пред надлежните институции, а жртвата е соодветно заштитена, по коешто имате право на помош, поддршка и заштита од насилство. Во центрите ќе бидете информирани за своите права и мерки кои ќе треба да се преземат за превенција и заштита во понатамошниот период, односно секоја жртва на насилство, која ќе се пријави во центрите, ќе ги добие следните МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА:

- Обезбедување нужно сместување кое може да трае најмалку 3 месеци до 1 година.
- Обезбедување соодветна здравствена заштита
- Обезбедување соодветна психосоцијален третман
- Упатување во соодветно советувалиште
- Доколку жртвата има дете на школување, помош за продолжување на редовното образование
- Се известува органот за прогон
- Давање секаков вид правна помош и застапување
- Покренување постапка до надлежниот суд
- Преземање други мерки за кои ќе се оцени дека се неопходни за решавање на проблемот.

- Во рамките на овој пост ве информираме за видови на семејно насилство (збир на однесувања кои вклучуваат сила, заплашувања и манипулирања со цел да се воспостави контрола од една личност кон друга во рамките на семејната или партнерската врска (заедничко домаќинство) кои треба да ги препознаете, а тоа се:

- ФИЗИЧКО НАСИЛСТВО

физички те напаѓа, те тепа, ти удира шлаканица, те удира со предмет, те кубе за коса, те влече...

- ПСИХОЛОШКО НАСИЛСТВО

те навредува, ти кажува погрдни зборови, те контролира каде одиш и со кого, не ти дозволува да излегуваш и да се дружиш, те контролира што облекуваш и дали се шминкаш...

- ЕКОНОМСКО НАСИЛСТВО



ти ја зема платата, немаш пари за себе, не смееш да трошиш за себе и за своите потреби, ти кажува што смееш да купиш...

-СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО И СИЛУВАЊЕ

бара од тебе да спиеш со него или неа, да му одговориш сексуално, а ти не сакаш, присилно те тера на сексуален чин...

- ДЕМНЕЊЕ

те следи, те прогонува, се обидува да воспостави несакан контакт во јавен простор или на интернет...

Мобилност Скопје е тука за своите цели и секогаш е во својство на трансмитер за сите информации потребни за членството и неговите потреби иницирани од заедницата и општеството.

*Христина Просковска*

# МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА ПАНЕЛ-ДИСКУСИЈА ЗА ВАКЦИНАЦИЈА ОД СЕЗОНСКИ ГРИП

Мобилност Скопје заедно со претставници од други граѓански здруженија, во просториите на хотел „Парк", во Скопје, беа дел од едукативните работилници за вакцинација против сезонски грип.



Работилницата ја водеа проф. д-р Марија Цветановска од Клиниката за инфективни болести и проф. д-р Катарина Ставриќ од Медицинскиот факултет при државниот универзитет „Св. Кирил и Методиј". На средбата се говореше за значењето на вакцините како превентива, а подоцна и за одложено и смалено дејство на сезонскиот грип, нивната историја, манифестација, несакани појави, благовремено едуцирање на населението, компарации со високодисциплинарните општества во светот за медицинска хигиена и самосвест на населението, статистики за придобивки, несакани дејства и слично.

Членовите на нашето здружение поставија многу прашања за кои добија солидни одговори, но и развија дискусија за многу начнати теми по кои сè уште се талка до крајниот одговор и решение. На крајот од работилницата нашите претставници и специјалистите доктори, сфатија дека ова е широка и комплексна тема и дека нашата соработка ќе продолжи во иднина, односно набрзо ќе се организира масовна трибина отворена за повеќе наши членови на која ќе бидат одблизу информирани и ќе имаат можност да добијат одговори за сите нивни поставени прашања.

*Христина Просковска*

# МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ ГО ОДБЕЛЕЖА ДЕНОТ НА ЖЕНАТА, 8 МАРТ

Честопати бараме зборови за да ја опишеме жената-членка на Мобилност Скопје, односно да го дефинираме нејзиниот профил и да создадеме фигуративна реченица за нејзиниот лик. Обидувајќи се наидуваме на море додавки кои личат на неа;

-Чесни и вредни девојки, жени, мајки, сопруги, баби, храбри лица, силни индивидуи, префинети дами, убавици во лик и душа, истрајни лица, независни единки, лица со безброј можности, посветени професионалки на својата професија, фокусирани трагачи во барањето правда во неправда, светла точка во темнината, позитивна искра во негативното поле...

Ваквата наша жена му пркоси на животот, таа е пожртвувана и истрајна кон намерата за остварување на целта, но и неуморна во упорноста да успее. Токму за оваа силна порака, која ја носи секоја од жените во нашето опкружување и пошироко, нашето здружение посветено работи кон одбележување на празникот 8 Март, преку кој ден се обидува да ги пренесе пораките и да допре до сите засегнати страни кои имаат влијание во животот на дамите од Мобилност Скопје и останатата заедница на лицата со инвалидитет.

Оваа година, за поголем број дами беше организирана прослава во просториите на ДХО „Даре Џамбаз", каде што со помош на раководството на здружението и нејзините верни пријатели-поддржувачи од Ортопедската куќа „Славеј", „Пивара-Скопје" и Креативната работилница при Мобилност Скопје, настанот доби сензационална нота и им ги разнежни срцата на жените. Тие за миг се почувствуваа безгрижни и свои, но во ист момент почувствуваа дека и нивната вредност има големина и простор на овој прекрасен свет.

ЧЕСТИТ 8 Март!

*Христина Просковска*





# „АЛТЕР ТРИП“: КОИ СЕ ПРВИТЕ РЕЗУЛТАТИ ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ПРОЕКТОТ?

Проектот „Алтернативно туристичко искуство – алтернативно патување“ (Алтер трип), кој Мобилност Битола го имплементираше во периодот од 2021 до 2023 година, продолжува да го привлекува вниманието на медиумите, а особено на националниот сервис МРТВ, чија утринска програма „Македонија наутро“ редовно ја информира јавноста за нашите активности. По завршувањето на проектот лани, во изминативе неколку месеци, веќе можеме да ги видиме и првите резултати од неговата имплементација.




Токму на тема достапноста на спомениците за лицата со попречености, во утринската емисија, на 29 февруари 2024 година, битолскиот дописник на МРТВ, Стевче Митревски, зборуваше со Ивона Јанкова, менаџерката на проектот „Алтер трип“ на Мобилност Битола. Во кусиот разговор, менаџерката ги откри најновите информации добиени од користењето на ИКТ-алатките за пристапен туризам во Битола, изработени во рамките на проектот, како и за идните размислувања и планови во која насока треба да се движиме.

Имено, според податоците на експертите од ГАУС Институтот, кои ги изработија тактилните табли и дигиталната самоводечка тура (со аудио и видео-нарација на знаковен јазик), бројот на корисници постојано е во пораст, а интересно е тоа што голем интерес има и од локалното население и од домашните туристи, кои на овој начин ќе си го збогатат знаењето за сопствената историја. Од меѓународните туристи, пак, сосема очекуван е фактот дека ќе доминираат гостите од Турција, што веќе ни дава насока дека алатките треба да се збогатат и дополнат барем со уште неколку јазици, покрај македонскиот и англискиот. Во таа насока може да продолжи и печатениот туристички водич за Битола, со Брајово писмо, кој во рамките на проектот беше изработен на три јазици: македонски, англиски и грчки јазик.

Најважниот аспект од овој проект, според Јанкова, е Прирачникот за пристапен туризам кој може бесплатно да се преземе од веб-страницата на Мобилност Битола (скенирајте го QR кодот десно), каде што на едноставен, концизен и илустриран начин се прикажани главните елементи на пристапноста.

„Најмалку што сите ние можеме да направиме е да се информираме што подразбира пристапноста, за да можеме правилно и веродостојно да ги рекламираме нашите производи и услуги, бидејќи она што најмногу недостига речиси во целиот регион се информациите кои им се потребни на лицата со попречености за да знаат каде можат да се движат и кои места можат воопшто да ги посетат“, нагласи таа.

Бидејќи јавувањето беше во живо, кусото време не дозволи да се спомене уште еден мошне значаен пример за подобрување на пристапноста на културното наследство во регионот, а тоа е Спомен-куќата на Тоше Проески во Крушево. Оценет како најпристапна културна институција во Пелагонискиот Регион, особено во поглед на физичката пристапност, музејот за нашата музичка легенда, на 16 октомври минатата година, ја претстави и новата тактилна поставка наменета за лица со оштетен вид. Составена од 10 предмети со опис на Брајово писмо и аудио-нарација, поставката постојано е на располагање на посетителите, а по еден предмет периодов оди и на турнеја низ земјава со цел да им го доближи богатото наследство на Тоше на што поголема публика.

Разговорот можете да го видите на веб-страницата на МРТВ со скенирање на QR кодот со вашиот мобилен телефон.

Прим. д-р *Нико Јанков*

# ЧЛЕНОВИТЕ НА МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА ГО ОДБЕЛЕЖАА НАЈГОЛЕМИОТ ХРИСТИЈАНСКИ ПРАЗНИК ВЕЛИГДЕН

На 7.5.2024 година, во просториите на Здружението, членовите на Мобилност Гевгелија го одбележаа најголемиот христијански празник Велигден со меѓусебно кршење со велигденски јајца. На прославата членовите меѓусебно си посакаа, пред сè здравје, бериќет, мир и благосостојба. Оваа средба, исто така, беше т.н. Натпревар во кршење со велигденски јајца, на која како победник беше Горан Целајков. Се надеваме дека и во иднина ќе продолжиме да ја негуваме традицијата и ќе ги почитуваме обичаите.

*Валерија Пеева*



# ТРЕТА АДАПТИРАНА САЛА ВО УЧИЛИШТЕТО „ЈОСИП БРОЗ ТИТО“ ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Совршената конекција и соработка на Мобилност Скопје со општината на град Скопје, придонесе вклучување на лицата со телесен инвалидитет на голем број полиња од заедницата во градот. Нивната застапеност и видливост претставува методологија за која се залагаат обете тела, бидејќи само на тој начин во светот и кај нас создаваме општество за сите со почитување на човековите права за еднаквост. Една компонента на дејствувањата претставува спортот, односно негово практицирање за стекнување здрави навики кои се неопходни за духот и телото на лицето со попреченост.



По тој повод, на 22.3.2024 година, во салата на средното училиште „Јосип Броз Тито“-Скопје. Мобилност Скопје имаше ексклузивна можност да биде сведок на отворањето на третото адаптирано спортско катче за лицата со попреченост во градот, чија апсолутна проекција и поддршка е Градот Скопје. На овој настан присуствуваше градоначалничката на Град Скопје - Данела Арсовска, повеќе лица од кабинетот, членови од советот на градот, одговорните за спорт при општината, сертифицирани тренери, директорката на училиштето-г-ѓа Силвана Кржовска, членови од здружението на слепи и слабодовидни „Феникс“ и поголем број членови од Мобилност Скопје.



Во салата беа промовирани адаптираните справи за спорт и тоа; маси за пинг-понг, статичен велосипед, мултифункционална справа за вежбање, разновидни помошни спортски реквизити и целосно оформен терен за голбал. Нивната функционалност беше проверена од страна на присутните кои во неколку часовниот тренинг создадоа експлицитна спортска слика на терен.



По завршувањето на активното спортско дружење, од страна на градот Скопје и градоначалничката Данела беше соопштено дека во скора иднина се планира адаптација со приспособување на сали во уште две скопски средни училишта кои ќе покриваат повеќе населби околу кои гравитираат нашите членови. За нивно започнување со часовите по спорт ќе бидете благовремено информирани, односно кога за тоа ќе бидат задоволени сите неопходни и безбедносни услови за формирање термини во седмицата, рекоа одговорните од градот.

Мобилност Скопје, преку цврстата соработка со одговорните во градот, не застанува тука, напротив, за спортот ќе се залага постојано и неуморно ќе дејствува во иднина за негово интензивирање.



Христина Просковска

# ЗАВРШЕН СОСТАНОК НА ПРОЕКТОТ „GYM4ALL“, КОФИНАНСИРАН ОД ЕРАСМУС+ ПРОГРАМАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА




На 25.5.2024 година во Загреб, на терените на Спортско-рекреативниот центар „ТРЊЕ“, а во рамките на одбележување на „Светскиот ден на спортот“, беше одржан завршниот состанок на проектот #gym4all - Gymnastics for children with disabilities.

По одржаната целосна презентација од страна на проект-менаџерот Марио Шкегро, која се однесуваше на сите чекори кои беа спроведени при реализација на проектот, предизвиците и тешкотиите со кои се соочувавме за време на реализацијата, изнаоѓање на нивни соодветни решенија, како и изработка на соодветен Прирачник, успешната дисиминација преку постирање на голем број линкови од одржани настани и промоции, учесниците на проектот уште еднаш имаа можност на поставениот штанд за презентација на проектот, да поразговараат со случајните минувачи кои го посетија саемот за целите на проектот, да поделат флаери и друг рекламен материјал, а особено задоволство ни претставуваше посетата на штандот од страна на градоначалникот на Загреб, Томислав Томашевиќ.

*Б. Јовановски*

# ФУДБАЛСКИ НАТПРЕВАР

Во рамките на активностите во мал фудбал, екипата на Мобилност Македонија, во рамките на 36. Републички спортски игри на лицата со телесен инвалидитет, одигра фудбалски натпревар со подмладокот на фудбалскиот клуб од Охрид, „Академија Охрид“. Натпреварот се одигра на 22.6.2024 година на стадионот на ФК Караорман во Скопје.

Натпреварот се одигра во исклучително фер и коректна игра, во која резултатот не беше во прв план, а заврши нерешено.

Им благодариме на младите фудбалери на членовите на управата на „Академија Охрид“ за пружената рака на поддршка, како и на нашите момчиња за залагањето и за фер и коректната игра.



Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија – Мобилност Македонија, со формирање на фудбалски тим од свои членови, прави скромни чекори во фудбалскиот свет и се надеваме дека за некого овие чекори ќе значат скок до трибина.

Мобилност Македонија заедно со Фудбалската федерација на Македонија, од 2017 година, се вклучија во проектот на УЕФА - „Капитени на промени“. Проектот се спроведува во голем број европски земји. Целта на овој проект е да се влијае на креирање на еднакви можности за сите во фудбалскиот свет, без разлика на полот, религијата, националната припадност и физичката способност. „Капитени за промени“ е проект кој се однесува и на креирање на непречен пристап за лицата со инвалидитет на стадионите во Македонија, затоа што фудбалот е спорт за сите и треба да биде достапен за секого.

*С. Прчева*

# УЛТРАМАРАТОНСКА ТРКА ЗА РАЦИН

Ултрамаратонската трка, која традиционално се одржува во чест на големиот македонски поет Кочо Рацин, оваа година се одржа на 18.6.2024 година. Трката започна во раните утрински часови од двор на гимназијата „Коста Солев Рацин“, а ултрамаратонците трчаа 156 км до Лопушник, местото на погубување на Великанот на македонската поезија.

Меѓу петтемина маратонци, традиционално учествуваше и Зоран Димов, член на Мобилност Велес, учесник на спортските игри на лицата со телесен инвалидитет и член на екипата во фудбал на Мобилност Македонија.

С. Прчева



## НАГРАДНА ИГРА

Наградното прашање од минатиот број на весникот гласеше:

**Колку објекти за одмор и опоравок сојузот поседува во Охрид?**

Точниот одговор на ова наградно прашање гласи:

**12 (дванаесет).**

Во канцеларијата на Мобилност Македонија дадениот рок пристигнаа многу мал број на писма, само 4, сите со точен одговор. Добитникот на наградата во овој број на списанието е:

**ЗОРАН ЈЕВРЕМОВИЌ**

член на „Мобилност Скопје“

Наградата е викенд за две лица во хотелот **„Струшки Галеб“** во Струга со платени трошоци за превоз во висина на автобуската карта. Наградата може да се користи од **1 мај до 30 септември** во тековната година.

Донатор на оваа награда е управникот на хотелот „Струшки Галеб“ во Струга. Сите информации поврзани со реализацијата на наградата добитникот ќе ги добие од генералниот секретар на „Мобилност Македонија“ на телефон бр.: 075 437 381.

Веруваме дека наградата викенд за двајца во Струга е доволен мотив читателите да се потрудат околу точниот одговор на наградното прашање и во поголем број да учествуваат во наградната игра.

Се надеваме дека интертесот за наградната игра во наредниот период ќе се зголеми, а ние ветуваме дека поставените прашања ќе бидат полесни. Во овој број очекуваме одговори на што поголем број на наши членови-читатели на весникот.

Наградно прашање за овој број на весникот гласи:

**Под кое име почна да излегува весникот на Мобилност Македонија?**

Одговорот на ова прашање не е тежок, но малку ќе Ви помогнеме со тоа што ќе Ви кажеме дека доколку сте редовен читател на весникот МОБИЛНОСТ и учествувате во работата на „Мобилност Македонија“ треба да го знаете одговорот на ова прашање.

Вашите одговори на прашањето праќајте ги во затворен коверт на адреса „Мобилност Македонија“ на ул. „11 Октомври“ 42-а Скопје, со назнака **ЗА НАГРАДНАТА ИГРА**, најдоцна до **30 ноември 2024 година.**

Право на учество имаат само редовните членови на „Мобилност Македонија“. Наградата е непреносива, односно може да ја користи само оној што ја освоил.

Почитувани читатели, Вие кој го знаете одговорот на наградното прашање и кои сте оптимисти па верувате во својата среќа, земете учество во наградната игра. Со тоа ништо не можете да загубите, а можете да добиете можност, заедно со својот придружник, да си поминете еден прекрасен викенд покрај Охридското Езеро во Струга.

*С.Прчева*

# 36. ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА

На 27-28.4.2024 година, во хотелот „Конгресен центар“ во Охрид, во организација на Мобилност Македонија и соорганизација од Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, се одржа 36. Државно првенство во шах за лица со телесен инвалидитет на Македонија.

На првенството учествуваа 22 шахисти од здружените членки на сојузот. Се играше Швајцарски систем 7 кола, со темпо 30 минути по играч. Главен судија на натпреварот беше Тони Пајдаков.

Првото место на првенството го освои Јанчо Ѓорѓевски од Куманово со 5,5 поени (Бухолц 31,0), второто Горан Војновски од Кочани со 5,5 поени (Бухолц 29,0) и третото Зекирија Изети од Тетово со 5,5 поени (Бухолц 28,0).

Натпреварот финансиски беше поддржан од средствата за реализација на програмските активности на сојузот за 2024 година, трансферирани преку Министерството за труд и социјална политика.

*Б. Јовановски*

Drzhavno prvenstvo na Mobilnost Makedonija
Standings (round 7) - telesni2024

| Place | Name | Club | Score | Buch. | Progr. | Wins |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1-3 | **GJORGJEVSKI, JANCHO** | KUMANOVO | 5.5 | 31.0 | 25.0 | 5 |
| | **VOJNOVSKI, GORAN** | KOCHANI | 5.5 | 29.0 | 25.0 | 5 |
| | **IZETI, ZEKIRIJA** | TETOVO | 5.5 | 28.0 | 23.0 | 5 |
| 4 | **BUCHEVSKI, MIROSLAV** | SKOPJE | 5 | 30.5 | 20.0 | 5 |
| 5-6 | **ILIOSKI, TRAJKO** | PRILEP | 4.5 | 29.5 | 18.0 | 4 |
| | **STOJCHESKI, ALEKSANDAR** | SKOPJE | 4.5 | 26.5 | 18.0 | 4 |
| 7-9 | **STREZOVSKI, ZHIVKO** | BITOLA | 4 | 28.5 | 17.5 | 3 |
| | **NEBI, ADEM** | SKOPJE | 4 | 26.5 | 18.0 | 4 |
| | **NUNESKI, DANIEL** | OHRID | 4 | 24.5 | 15.0 | 4 |
| 10-14 | **ISMANI, SELIM** | TETOVO | 3.5 | 25.0 | 15.5 | 3 |
| | **JUSUFI, AMID** | STRUGA | 3.5 | 24.0 | 14.0 | 2 |
| | **SHEMSEDIN, KJAMIL** | STRUGA | 3.5 | 22.5 | 12.5 | 3 |
| | **JOVANOV, PETRE** | RADOVISH | 3.5 | 21.5 | 13.0 | 3 |
| | **DIMOV, ZORAN** | VELES | 3.5 | 21.0 | 12.5 | 2 |
| 15-17 | **SACHMAROVSKI, JOVAN** | SKOPJE | 3 | 25.5 | 14.0 | 3 |
| | **CAFOVSKI, DIMITAR** | SHTIP | 3 | 24.5 | 13.0 | 3 |
| | **DIMOSKI, SLOBODAN** | PRILEP | 3 | 18.5 | 6.0 | 3 |
| 18-20 | **JAKIMOV, VASKO** | SHTIP | 2 | 23.0 | 8.0 | 2 |
| | **SHERIFOSKI, ENVER** | KICHEVO | 2 | 20.0 | 8.0 | 2 |
| | **KOSTOV, GJOKO** | KAVADARCI | 2 | 17.0 | 6.0 | 2 |
| 21-22 | **MALOSKI, NUSREDIN** | DEBAR | 1 | 21.5 | 5.0 | 1 |
| | **PANZOV, ILE** | SV NIKOLE | 1 | 21.0 | 1.0 | 1 |

*by Swiss Perfect (TM) www.swissperfect.com*



# 32. РСИ СЕНИ, ТРИ БРОНЗЕНИ МЕДАЛИ ЗА ЕЛЕНА ДАВИТКОВСКА

Од 16 до 19.9.2024 година, во Врњачка Бања, се одржаа 32. Републички спортски игри на Сојузот на параплегичари и квадриплегичари на Србија, на кои учествуваа и спортистите од Мобилност Македонија, Елена Давитковска и Златко Арсовски во придружба на секретарот на сојузот Гораст Велковски. Гоце Миновски и Зоран Јовановски, иако повикани, го откажаа учеството на Игрите од приватни причини.

Елена Давитковска, членка на Мобилност Куманово, настапи во три дисциплини (ѓуле, копје и диск) и во сите три дисциплини освои трети места и три бронзени медали.

*Б. Јовановски*



# ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ВО СТРЕЛАШТВО, ГРАНАДА, ШПАНИЈА

Македонската репрезентација во стрелаштво пара-спорт во состав: Оливера Наковска- Бикова и Александар Јовановски (стрелци), Бранимир Јовановски (тренер) и Драган Дојчиноски (асистент) од 30.5 до 6.6.2024 година учествува на Европското првенство во стрелаштво, што се одржува во Гранада, Шпанија. На првенството настапија 143 спортисти од 31 држава.

На 2.6.2024 година, на програмата беше дисциплината спорт пиштол 25 м. Само 2 круга ја делеа Оливера од



пласман во финалето на Европското првенство во Гранада во дисциплината П3-Спорт пиштол 25 метри. Со резултат од 556 кругови го освои конечното 12. место.

На 3.6.2024 година, Оливера Наковска-Бикова на Европското првенство во Гранада, во дисциплината П2-Воздушен пиштол жени, со резултат од 565 кругови како третопласирана влезе во финалето каде што осумте најдобри се бореа за освојување на еден од медалите. За жал, Оливера чувствуваше притисок со кој не се справи најсоодветно и финалето не го изработи еднакво добро како и основниот дел, и после еден кикс во првата серија од 5 истрели, се спушти во долниот дел на табелата во борбата за опстанок и на крај го освои седмото место. Недостаток на натпревари годинава (ова ѝ е прв меѓународен натпревар), резултираше со недоволна натпреварувачка форма, а особено недостаток на учество во финални борби, според зборовите на нејзиниот тренер, е една од причините за ваквиот пласман.

Александар Јовановски во дисциплината Воздушен пиштол 10 м го освои 16. место со резултат од 545 кругови.

Претходно, во утринските часови во дисциплината П6-Микс тим воздушен пиштол, Оливера и Александар се изборија за настап во натпревар за бронзен медал со втората екипа на Украина од која изгубија со 16:10 и се пласираа на четвртото место.

На 5.6.2024 година се одржа последната пиштолска дисциплина на Европското првенство, П4-пиштол слободен избор 50 метри. Оливера постојано беше меѓу осумте најдобри, очекувавме влез во финале, меѓутоа во третата серија имаше два лоши истрели (4 и 5), и потоа цело време се движеше на осмото и деветтото место, за да на крај сепак го освои деветтото место со резултат од 515 кругови, само 3 помалку



од потребните за влез во финале. Таа за првпат настапи со новиот пиштол „пардини“ (како и Александар) па можеби и тоа е дел од височината на резултатот, но секако стои и фактот дека и двајцата стрелци годинава првпат настапуваат на меѓународен натпревар.

Александар имаше преголема желба да се впушти во борбата за последната квота за „Париз 2024“, меѓутоа работите на почетокот на натпреварот не одеа како посакувавме, имаше премногу киксови во првата серија и на крајот заврши на 19. место со 493 кругови. Подоцна се подобри, меѓутоа беше предалеку од потребниот резултат.

*Б. Јовановски*

# ЗЛАТЕН МЕДАЛ ЗА ОЛИВЕРА Н. БИКОВА НА ГРАН-ПРИ НАТПРЕВАРОТ ВО НОВИ САД

Македонската репрезентација во стрелаштво пара-спорт, од 2 до 4 јули 2024 година, учествуваше на Гран-при натпреварот во Нови Сад, Србија, на кој се пријавени да учествуваат 128 стрелци од 30 држави.

На 2.7.2024 година, во дисциплината Воздушен пиштол 10 м жени, Оливера Наковска-Бикова со одличен настап и висок резултат го освои 1. место во конкуренција на повеќе натпреварувачки кои ќе учествуваат на Параолимписките игри во „Париз 2024".

Во основниот дел, Оливера стрелаше одлични 575 кругови (пет кругови помалку од светскиот рекорд), а потоа умешно стрелаше во финалето и на крајот се закити со златен медал, пред Турчинката Пенлихвар и Азербејџанката Бабајева. Александар Јовановски настапи во истата дисциплина во категорија на мажи и со резултат од 538 кругови го заседе 17. место.



На 3.7.2024 година на програмата на Гран-при натпреварот во стрелаштво, во Нови Сад беше одржана дисциплината Спорт пиштол 25 м, во која настапи нашата параолимпијка Оливера Наковска-Бикова. Уште од почетокот работите не одеа како што посакувавме, така што со резултат од 558 кругови, Оливера влезе во финалето како осмопласирана. И во финалните истрели ѝ недостасуваше спортска среќа, па после 4 серии во финалето, Оливера го освои конечното осмо место.

На 4.7.2024 година се одржа дисциплината Малокалибарски пиштол слободен избор 50 метри. Оливера Наковска-Бикова со резултат од 522 кругови како седмопласирана влезе во финалето, на кое место остана и по завршување на финалето. Александар Јовановски со резултат од 481 круг го освои 21. место од 25 учесници на натпреварот.

Резиме од настапот на нашата параолимпијка Оливера Н. Бикова е еден златен медал и две финални борби во другите две дисциплини, но најважно од сè е што нотиравме неколку работи на кои ќе треба сериозно да поработиме во периодот пред настапот на Параолимписките игри во Париз 2024. Истото се однесува и за Александар, му престои период на сериозни тренинзи.

*Б. Јовановски*

# ПРВО МЕСТО ЕКИПНО ЗА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА НА 13. МЕЃУНАРОДНО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ НА СЛОВЕНИЈА

На 17.4.2024 година, во Домот на Семич, Словенија, се одржа 13. Меѓународно првенство во шах, на кое учествуваа екипите на: Мобилност Македонија, Тител од Србија, репрезентација на федерација БиХ, репрезентација на Република Српска, здружение на параплегичари од Брчко дистрикт, и екипата на Сојуз на параплегичари на Словенија.



Екипата на Мобилност Македонија го освои првото место, победничкиот пехар и златни медали за учесниците со 8 освоени бодови (4 победи и 1 пораз), а играа во состав: Јанчо Ѓорѓевски на прва табла, Горан Војновски на втора табла и Даниел Нунески на трета табла. Второто место го освои екипата на Федерација БиХ, исто така со 8 бодови (а помалку поени по табли), а третото екипата на Сојуз на параплегија на Словенија со 7 бода.

*Б. Јовановски*

# ПРИЕМ НА ПАРАОЛИМПИСКИОТ ТИМ ОД ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА ГОРДАНА СИЉАНОВСКА ДАВКОВА

Претседателката Гордана Сиљановска Давкова на 14.08.2024 година ги прими македонската параолимпијка, Оливера Наковска Бикова и тимот што ќе ја придружува на претстојните Параолимписки игри во Париз, кои ќе се одржат од 28.08-08.09.2024 година. На средбата со Наковска Бикова, која е единствена македонска спортистка на параолимписките игри, претседателката Сиљановска Давкова беше запозната со подготовките, предизвиците и очекуваните резултати во трите стрелачки дисциплини во кои таа ќе се натпреварува.

Врачувајќи го државното знаме, што нашата спортистка ќе го развее на Параолимписките игри во Париз, претседателката Сиљановска Давкова, се осврна на извонредно значајните спортски достигнувања на македонските параолимпијци во суверена Македонија, започнувајќи од Бранимир Јовановски кој освои златен медал со нов светски и параолимписки рекорд од Параолимписките игри во Барселона во 1992, Оливера Наковска Бикова која освои златен медал со нов светски и параолимписки рекорд од Параолимписките игри во Лондон 2012 година, како и Ванчо Каранфилов кој освои сребрен медал од Параолимписките игри во Атина во 2004 година.

Во таа насока, претседателката Сиљановска Давкова изрази уверување дека и покрај нашето скромно учество, со само еден натпреварувач на параолимписките игри, македонската спортистка ќе оствари успеси што ќе бидат национална гордост, а македонското знаме гордо ќе се развее на летните параолимписки игри во Париз 2024.



Претседателката изрази задоволство од континуираната и посветена заложба на параолимпијците, не само во достоинственото претставување на државата на најпрестижниот спортски настан, туку и во надминувањето на препреките и стереотипите. Во тој контекст ја нагласи потребата македонското општество, институции и поединци активно да придонесуваат во насока на подобрувањето на условите за нашите сограѓани со попреченост.

*Б.Јовановски*

# МАКЕДОНСКИОТ ПАРАОЛИМПИСКИ ТИМ НА ПРИЕМ КАЈ МИНИСТЕРОТ ЗА СПОРТ, БОРКО РИСТОВСКИ

На 14.8.2024 година, македонскиот параолимписки тим, кој за неколку дена заминува на учество на Параолимписките игри во Париз, беше примен од министерот за спорт, Борко Ристовски.

Во разговорот со министерот ја афирмиравме работата на Параолимпискиот комитет, спортовите кои се активни при истиот, напорите на македонските спортисти во повеќе спортови да се изборат за квота во олимпискиот циклус за „Париз 2024“, како и очекувањата од нашата единствена спортистка квалификувана за Игрите, Оливера Наковска-Бикова, достоинствено и гордо да ги брани боите на нашата држава во дисциплините во кои ќе настапи.

Од министерот добивме уверување дека во иднина ќе ја следи и подржува работа на Параолимпискиот комитет на полето на развојот на спортот на лицата со инвалидност, и дека максимално ќе помага во рамките и надлежностите на министерството околу обезбедување на стрелиште, опрема и финансиски средства за непречен тренажен процес и настап на натпревари кои придонесуваат за афирмација на нашата прекрасна Македонија во светот.

Се разделивме со надеж дека наскоро повторно ќе се сретнеме, искрено се надеваме со убави спортски вести да го прославиме успехот и да направиме стратегија за новиот параолимписки циклус и предизвиците кои стојат пред нашите спортисти.

*Б. Јовановски*



# ПАРАОЛИМПИСКИ ИГРИ ПАРИЗ 2024

Од 28.08-08.09.2024 година, Париз беше домаќин на седумнаесеттите по ред Параолимписки игри. Претходно, две години траеше квалификацискиот циклус за добивање на директна квота за учество на игрите. Десетици илјади спортисти од целиот свет се впуштија во борба за постигнување на резултат во рамките на поставените минимум олимписки норми во 22 спортови од програмата на игрите, а од македонските спортисти најдалеку во квалификациите стигнаа стрелците. Оливера Наковска Бикова во 2022 година со освојувањето на титулата светска првенка со малокалибарски пиштол слободен избор на 50 метри, освои директна квота за учество на игрите, додека Александар Јовановски не успеа да избори пласман кој гарантираше квота иако имаше повеќе шанси за тоа, и на крајот од квалификацискиот период побаравме вајлд карта за него, но бипартитната комисија не ни ја одобри.



Од 185 постоечки национални параолимписки комитети 168 учествуваа на игрите со најмалку еден спортист, што беше историски рекорд на учество. Тука треба да се додадат и 2 дополнителни тима (тимот на бегалци и тимот на независните спортисти), така да бројот на држави учеснички на Параолимписките игри во Париз изнесуваше рекордни 170. Три национални параолимписки комитети: Еритреја, Кирибати и Косово дебитираа на овие игри, додека девет национални параолимписки комитети се вратија на Параолимписките игри по одредено време на отсуство, оваа листа го вклучува Бангладеш (2008), Соломонови Острови и Вануату (2012), Источен Тимор, Макао, Мјанмар, Тонга, Тринидад и Тобаго и Туркменистан (2016). Од 162 параолимписки комитети кои учествуваа на игрите во Токио во 2021 година, само Фарски Острови не беа присутни. На Параолимписките игри учествуваа 4.463 спортисти од 170 држави кои се натпреваруваа во вкупно 549 дисциплини во 22 спортови на програмата на игрите. Македонската репрезентација ја сочинуваа: Оливера Наковска Бикова – спортистка која настапи во 3 стрелачки дисциплини, Бранимир Јовановски – тренер, Драган Дојчиноски – шеф на мисија и д-р Елвис Алексовски – лекар на репрезентацијата.

Нашата екипа на пат тргна на 21.08.2024 година. По пристигнувањето во Париз и завршените царински формалности со оружјето, екипата се упати кон олимпиското село, каде најнапред беше одржан регистрациски состанок со организациониот комитет, а потоа и примопредавањето на собите во блокот Д11 во кој беа сместени нашите учесници. Следниот ден го искористивме за посета на Ајфеловата кула, за да на 24.08.2024 година се упатиме кон Шатеру, град оддалечен 270 километри од Париз, сместен во централниот дел на Франција, каде беше лоцирано олимпиското стрелиште. За потребите на игрите, во Шатеру беше направено мало олимписко село кое всушност претставуваше адаптирани три павилјони од напуштена поранешна НАТО воена база, лоцирани на два километри од олимпискoто стрелиште. По сместување во селото, се упативме кон стрелиштето за да го преземеме оружјето и да започнеме со тренинзи. Тренинзите течеа во најдобар ред, постигнатите резултати и расположението во кое се наоѓаше Оливера ветуваа високи пласмани и влез во финале. Ситните проблеми кои се јавуваа, како што беа застој на оружје заради неквалитетна и стара муниција, како и замена на некои делови на механизмот за опалување ги решававме во од.







На 28.08.2024 година на плоштадот Конкордија се одржа церемонијата на отварање на игрите. Според протоколот за отварање на игрите во Париз, секоја нација можеше да настапи во дефилето со намален број на учесници, а нашиот параолимписки комитет доби максимално 3 места за марширање зад знамето на Македонија. Знамето на државата го носеа по еден машки и женски спортист, а доколку некоја држава немаше присутни спортистина дефилето, знамето мораше да го носи волонтер.

Но, не беше се така едноставно и лесно учеството на церемонијата на отварање за спортистите кои беа сместени во Шатеру, бидејќи на денот на отварањето, 28 Август, учесниците на настанот со автобус од Шатеру во 08:00 часот заминуваа за Париз во олимпиското село, по што следуваше обавување на формалности во селото, и во 17:00 часот заминување на делегациите до плоштадот Конкордија, па стоење (чекање) три сати, за да во 20:00 започне церемонијата, која спектакуларно завршува некаде на полноќ, по што следува дополнително двочасовно враќање на учесниците во олимпиското село во Париз за да поспијат неколку часа, па дури утредента сабајлето во 09:00 враќање за Шатеру, каде што автобусите пристигнаа во попладневните часови.

Секако дека целото тоа патешествие ќе беше премногу напорно за нашата спортистка која за два дена после тоа ја чекаше настап во првата дисциплина, но не само за неа бидејќи 90% од спортистите во стрелаштво останаа во Шатеру, туку и губење на можност за тренинг два дена, така да тимот донесе одлука на церемонијата на Отварање на игрите трите доделени места за марширање да ги користат: Драган Дојчиноски - Шеф на мисија, д-р Елвис Алексовски и Африм Јашари, нашето параолимписко аташе.

Знамето на нашата држава, во отсуство на спортист на церемонијата, мораше да го носи волонтер и никој друг, оти такви беа пропозициите, а зад знамето марширaа Драган Дојчиноски и д-р Елвис Алексовски, бидејќи аташето Африм Јашари сакаше на тимот да му се придружи на самиот плоштад, меѓутоа обезбедувањето не го дозволи тоа и покрај сите наши настојувања.

На 31.08.2024 година се одржа дисциплината П2-Воздушен пиштол жени во која настапија 20 спортистки меѓу кои и нашата Оливера Наковска Бикова. По одржувањето на квалификациите во кои спортистките стрелаа 60 истрели за еден час и петнаесет минути, Оливера Наковска Бикова со резултат од 558 кругови се пласира во финалните борби како петопласирана. За жал, во финалето работите не течеа според планираното и очекуваното, се чувствуваше премногу жар, нервоза, тремор (кај сите натпреварувачки, не само кај Оливера) и на крај, таа после 12 истрели во финалето прва го напушти истото освојувајќи го 8-то место во конечен пласман во оваа дисциплина.

Ова се 6-ти по ред параолимписки игри на кои настапува Оливера (од Атина 2004 до денес), и на секоја од нив таа влегуваше во финале, вистинска потврда на квалитет подолго од 20 години, подвиг за историја во спортската кариера на еден спортист. Секако дека е прифатливо некогаш работите да се одвиваат на непредвидлив начин, немавме време за тагување и детални анализи бидејќи за 2 дена ја очекуваше нова борба на олимпиското стрелиште.

На 02.09.2024 година се одржа дисциплината П3-Спорт пиштол на 25 метри. Во квалификациите Оливерастрелаше висок и вреден резултат од 571 круг, резултат за секој респект и како шестопласирана од 25 натпреварувачи, влезе во



финалните борби каде што беше единствената дама во борба со седум мажи во ова дисциплина. Оливера, во финалето се бореше храбро, одлучно, имаше многу десетки меѓутоа, во финале на оваа дисциплина се бројат само погодоци од 10,2 до 10,9. Во пракса тоа значи дека од погодок 10,0 кој претставува круг со дијаметар од десет сантиметри, се сметаат за погодок само погодоците од 10,2 што е круг со дијаметар од 8 сантиметри, останатите ништо, не се бројат без оглед на тоа што се десетки и во квалификациите би се броеле како највисок погодок во мета. Од 20 истрели во финалето, Оливера имаше повеќе од половина десетки, перфектно за дисциплина на 25 метри дистанца, но само 7 од нив беа пласирани во круг со дијаметар од 8 сантиметри , а останатите малку пошироко. Другите двајца стрелци пред неа кои се спасија од испаѓање имаа помалку десетки, но 8 од нив во круг од 8 сантиметри, навистина штета за Оливера која за само еден поен заостана зад седмиот и шестиот и после исстрелани 20 куршуми мораше да се задоволи со осмото место. Имав и се уште имам чувство дека среќата навистина ни го сврте грбот и не ни служешена овие игри. Каков малер и недостаток на спортска среќа. Веднаш по неа испадна и трикратниот параолимписки шампион Парк од Кореја, но во секој случај исклучително успешен настап на македонската спортистка на игрите во Париз. Два настапи, две финални борби.

На 04.09.2024 година Оливера Наковска Бикова настапи во последната дисциплина П4-Пиштол слободен избор 50 метри. Беше магливо утро, студено, пиштолот испалуваше на секој втор куршум, ништо не ни беше погодено како треба. На стартот во првата серија, Оливера имаше неколку грешки, но подоцна влезе во ритам и се одеше според планираното. Меѓутоа нервозата од неиспалените куршуми кои беа во се поголем број, па дури и во серија, се повеќе и го одземаа како времето за настап, така и снагата за кревање на пиштолот, а за фокусот на изведба на истрел и да не дискутираме. На крајот, миксот на несакани работи придонесе конечниот пласман во ова дисцјплина да биде освоено конечното 17. место од 29 натпреварувачи со одличен резултат од 526 кругови. Искрено очекувавме уште едно финале на Оливера, хет-трик, уште една можност за борба за медал, оти токму во ова дисциплина пред две години таа стана светска шампионка и ја освои квотата за учество на игрите во Париз 2024 но за жал, за само 7 кругови, таа желба не ни се исполни.

Како личен тренер на Оливера и како претседател на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, сакам да и упатам честитки на Оливера за нејзината упорност, бескомпромисна борбеност, храбро и достојно презентирање на Македонија на игрите за време на сите нејзини настапи во дисциплините во кои настапи, како и на официјалните и неофицијалните тренинзи за време на престојот на игрите. Честитки и до целиот македонски параолимписки тим, до шефот на мисија Драган Дојчиноски и до д-р Елвис Алексовски, за севкупната поддршка и грижа се да помине во најдобар ред. Благодарност до медиумите кои афирмативно известуваа за настапите на Оливера, до Агенцијата за млади и спорт, Министерството за спорт, Министерството за социјална политика, демографија и млади, кои се потрудија да се подготвиме и заминеме на игрите во Париз 2024. Секако, благодарност до продавницата за спортска опрема „ЛОМА СПОРТ“ од Скопје и Т.Д.П.У.П. „АТИЛА“ кои помогнаа во опремувањето на тимот за учество на игрите.

А медалот, па медалот ќе го освоиме набргу, на некое друго, следно првенство.

*Б.Јовановски*

# ЗАНИМЛИВИ ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО ПАРАОЛИМПИСКИТЕ ИГРИ ВО ПАРИЗ 2024



Спортисти од 79 држави освоија медали. Најмногу од нив репрезентацијата на Кина со вкупно освоени медали 220, од кои 94 златни, 76 сребрени и 50 бронзени. Следуваат Велика Британија со 124 медали (49-44-31), САД со 105 (36-42-27), Холандија со 56 (27-17-12), Бразил со 89 (25-26-38), Италија 71 (24-15-32), Украина 82 (22-28-32), домаќинот Франција со 75 (19-28-28), Австралија со 63 (18-17-28), Јапан со 41 (14-10-17) итн. Дополнително, спортистите од Маурициус, Непал и Параолимпискиот тим за бегалци ги освоија своите први параолимписки медали.

Индивидуално, најмногу медали освои натпреварувачката од Кина во пливање, Јуан Цијанг со 7 златни медали, на второто место се пласира италијанецот Стефано Риамонди исто така во пливање со 6 златни медали, а на третото место швајцарката Катерина Дебрунер во атлетика со исто така 6 медали од кои 5 златни и 1 сребрен.

Дизајните на медалите за Летните олимписки и параолимписки игри 2024 година беа промовирани на 8 февруари 2024 година. Параолимписките медали беа во облик на шестоаголник, со врежан амблем на Париз 2024 година. На предната страна се наоѓа дизајн на Ајфеловата кула гледана одоздола, со натписи на брајово писмо (систем за пишување за чиј развој е заслужен францускиот просветител и пронаоѓач Луј Брај) и шеми на линии според кои слепите лица можат да ги идентификуваат медалите со допир.



Во март 2023 година, беа објавени апликациите за волонтери на Олимписките и Параолимписките игри. До мај 2023 година беа примени 300.000 апликации, а кон крајот на 2023 година апликантите беа запознаени со статусот на нивната апликација, од кои на 45.000 им биде доделена волонтерска позиција.

Што се однесува до продажбата на билетите и посетеноста на спортските натпревари, со продадени 2,5 милиони од 2,8 милиони достапни билети за игрите, беше надминат рекордот на Параолимписките игри во Лондон 2012 како најмногу продадени билети некогаш за некои параолимписки игри. Неколку спортови забележаа рекордна посетеност.

Патот на параолимпискиот огин започна со палење на пламенот на факелот во Стоук Мендвил, Обединетото Кралство, на 24 август. Следниот ден, факелот пристигна во Франција преку тунелот под Ла Манш, со што започна штафетата на 12 факели кои посетија 12 различни градови и региони низ Франција, за да штафетата заврши со палење на параолимпискиот котел на 28 август за време на церемонијата на отворање на игрите во Париз.

Церемонијата на отворањето на игрите се одржа на 28.08.2024 година на „Плас де ла Конкорд“, и тоа беше првата параолимписка церемонија на отворање на игрите што се одржа надвор од стадион. Во режија на Томас Џоли и со кореографија на Александар Екман, тема на церемонијата беше човечкото тело и „историјата и нејзините парадокси“. Парадата на репрезентациите се одржа на Шанзелизе, почнувајќи од Триумфалната капија (каде што беше поставен параолимпискиот симбол Агитос), а завршувајќи на Плас де ла Конкорд. Последната етапа кулминираше со здружување на повеќе носители на факелот, кои потоа го запалија параолимпискиот огин во форма на прстен од 40 компјутеризирани LED диоди и 200 диспензери за прскање со вода со аеросол



под висок притисок, кој беше покриен со хелиумска сфера висока 30 метри што личи на балон со топол воздух, издигнувајќи се во воздухот, потсетувајќи на експериментите на браќата Монголфие кои доведоа до првиот лет со балон на топол воздух во 1783 година. Меѓу изведувачите беа француската пејачка Кристин и Квинс. Меѓу достоинствениците кои присуствуваа на церемонијата на отварање на игрите беа, британскиот премиер, Кир Стармер, претседателот на Меѓународниот олимписки комитет, Томас Бах, претседателот на Меѓународниот параолимписки комитет, Ендрју Парсонс, и францускиот претседател Емануел Макрон, кој воедно ги прогласи игрите за отворени.

Церемонијата на затворање се одржа на стадионот „Стад де Франс“ на 8 септември 2024 година. Францускиот композитор Жан-Мишел Жар ја отвори свеченоста. Настапија вкупно дваесет и три други дицеи, вклучувајќи ги Етиен де Креси, Касиус, дицеј Фалкон и Алан Брекс. Ди Цеј Андерсон.Паак настапи за време на примопредавањето на знамето на организаторот на следните параолимписки игри во Лос Анџелес. Меѓу присутните достоинственици беа градоначалникот на Париз, Ан Идалго, францускиот претседател Емануел Макрон, претседателот на Меѓународниот параолимписки комитет Ендрју Парсонс и градоначалникот на Лос Анџелес, Карен Бас.




Пристапноста во транспортната мрежа во Париз за лицата со попреченост беше најголемата загриженост за време на почетокот на Игрите. Мрежата на парискoто метро е со одлична покриеност, меѓутоа пристапноста до системот на парискoто метро е ограничена, при што само една од неговите 16 линии (линија број 14 која тргнува од Сент Дени) е целосно достапна за лицата кои користат инвалидски колички за движење. Заради овој недостаток, организацискиот комитет на игрите се соочи со критики од страна на здруженијата застапници на лицата со попреченост, но и претседателот на IPC, Ендрју Парсонс. Пред започнување на олимписките и параолимписките игри, Париз инвестираше 1,5 милијарди евра за подобрување на пристапноста на локалните бизниси и другите форми на транспорт, вклучително и 125 милиони евра за надградба на автобускиот возен парк за превоз на патници со инвалидски колички, како и субвенционирање на компаниите на купување на такси возила достапни за инвалидски колички. Очигледно имаше подобрување на инфраструктурата, но уште многу треба да се стори за да се каже дека Париз е пристапен град во однос на транспортот на лицата со инвалидност.

*Б.Јовановски*

# НА ПРИЕМ ВО МАКЕДОНСКАТА АМБАСАДА ВО ПАРИЗ

Македонскиот параолимписки тим на 6.9.2024 година беше во посета на Амбасадата на Република Северна Македонија во Париз.

Бевме љубезно примени од страна на Рефет Хајдари - вршител на должност амбасадор, Африм Јашари - советник и Новица Стојановски - аташе за одбрана. Во една пријатна атмосфера дискутиравме за нашите настапи, за импресиите од Париз, а исто така и нè запознаа со тековните дипломатско-конзуларни работи на амбасадата.

Голема благодарност до Драги Новески, возач во амбасадата, кој ни овозможи да го разгледаме Париз и да се фотографираме пред неколку знаменитости.

*Б. Јовановски*



# ОДРЖАН ОНЛАЈН КОНФЕРЕНЦИСКИ СОСТАНОК ПОМЕЃУ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ИПЦ, ANDREW PARSONS И НАЦИОНАЛНИТЕ ПАРАОЛИМПИСКИ КОМИТЕТИ

На 11.3.2024 година, претседателот на Меѓународниот параолимписки комитет (ИПЦ), Ендрју Парсонс, извршниот директор на ИПЦ, Мајк Питерс, и други членови на тимот на ИПЦ, одржаа онлајн конференциски повик со сите заинтересирани Национални параолимписки комитети, членки на ИПЦ. НПЦ Северна Македонија, на конференцијата ја застапуваше претседателот Бранимир Јовановски.

На конференцискиот повик беа презентирани повеќе теми опфатени за време на неодамна завршениот 97. состанок на Управниот одбор на ИПЦ, како и други ажурирања на комитетот во однос на претстојните Параолимписки игри во Париз 2024. Присутните членови на конференцијата имаа можност да дискутираат и да поставуваат прашања за време на конференцијата.



По воведниот збор на претседателот на ИПЦ, Andrew Parsons, во кој во кратки црти ги образложи заклучоците од последниот состанок на Управниот одбор, меѓу кои и за Временска рамка за преглед на кодот за класификација, активност која започна во јануари 2021 година и по многу одржани сесии, драфт-верзијата на материјалот се очекува да биде завршена деновиве, за да биде конечно одобрена на Генералното собрание во мај, со примена во пракса од јануари 2025 година.

Исто така, претседателот Парсонс детално ја образложи одлуката и начинот на учеството на спортистите од Русија и Белорусија на квалификациските натпревари за учество на Параолимписките игри во Париз 2024, како и на самите игри. Тој истакна дека спортистите од овие држави ќе се натпреваруваат само во поединечна конкуренција, ќе настапат во дресови кои нема да имаат никакво државно обележје или да бидат во боја на државата од каде што потекнуваат спортистите, под бело знаме на кое со црни букви ќе биде испишано НПА (Neutral Paralympic Athlete), Неутрален параолимписки спортист, а евентуално освоените медали од нивна страна нема да бидат запишани во збирната табела на освоени медали на Игрите. Овие спортисти нема да учествуваат на дефилето на спортистите и спортските работници за време на отворањето и затворањето на Игрите. Исто така, објави дека конечно канцеларијата на ИПЦ се преселува на друга локација во Бон, а адресата беше споделена со присутните земји учесници.

Во натамошниот тек на конференцијата, извршниот директор на ИПЦ, Мајк Питерс, зборуваше за финансиската поддршка што ИПЦ им ја дава на Националните параолимписки комитети преку соодветни мали грантови за директна поддршка на тренинг камповите, тренажниот процес на спортистите, учеството на натпревари, како и за тренинг на лидери и вклучување во спорт на лицата со инвалидност. Тој истакна дека во 2023 година 310 спортисти директно биле финансирани за учество на квалификациски натпревари, дека од Грантот за развој биле поддржани 38 НПЦ со 94 спор-

тисти (37 жени и 57 мажи). Очекува во 2024 година преку ова програма да бидат поддржани 54 НПЦ со 216 спортисти и тренери.

Исто така, од страна на експертите на ИПЦ биле посетени и била извршена инспекција на 75 НПЦ (меѓу кои и на нашиот) на која биле разгледани Статутот, неговата комплементарност со Статутот на ИПЦ, други развојни документи, начинот на избор на органите и телата, мандатот на избраните претставници, застапеноста на жените и друго.

Во натамошниот тек на конференцијата беше претставена програмата за поддршка на НПЦ за добивање на опрема од спонзорите на Игрите во „Париз 2024“, новините за транспорт во олимписките село од целосно компјутеризирани електрични пристапни возила на „Тојота“, како и електрични додатоци за инвалидски колички и електрични трицикли, како и други детали во однос на игрите во „Париз 2024“, кои можеме и мораме да ги пронајдеме и проучиме во дополнетите изданија на прирачниците, прикачени на официјалната страница на Игрите.

*Б. Јовановски*






# РУБИНЧО РИСТЕСКИ ОСВОИ БРОНЗЕН МЕДАЛ НА 8. МЕЃУНАРОДЕН ПИНГ-ПОНГ ФЕСТИВАЛ ВО ЛЕРИН, ГРЦИЈА

Македонските пингпонгари, Рубинчо Ристески (сениор) и Огнен Илиески (јуниор 13 година), поддржани од Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, на 28-29.6.2024 година зедоа учество на 8. Меѓународен пингпонгарски фестивал во Лерин, Грција. На натпреварот беа пријавени да настапат вкупно 195 пингпонгари (во повеќе возрасни категории), од 34 различни градови од 9 држави: Македонија, Малта, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, Косово, Грција, Албанија и Романија.




Рубинчо Ристески во категоријата 40-49 години, најнапред ја помина групата како второпласиран, а потоа извојува победа во четвртфиналето, за да во полуфиналето изгуби од претставникот на Бугарија. Со оглед дека не се разигрува за трето место, двајцата поразени натпреварувачи во полуфиналето освоија бронзени медали.



Младиот Огнен Илиески од Прилеп настапи во својата категорија У-13 каде во групата од четири натпреварувачи извојува една победа и два порази, пласирајќи се на трето место во групата, со што ги продолжи борбите за пласман од 13. до 21. место. Натпреварот за борба од 13. до 21 место го доби Огнен, па продолжи да игра за пласман од 11. до 14. место. За жал, овој натпревар го загуби и конечно заврши со делба на 13. место.

*Б. Јовановски*

# ТУРНИР ВО ПИНГ-ПОНГ ПО ПОВОД 6 АПРИЛ - СВЕТСКИ ДЕН НА СПОРТОТ

На 6.4.2024 година во Куманово, во спортската сала на гимназијата „Гоце Делчев“, во организација на ППК „КУМАНОВО“, ОССК и во соорганизација со ССРИ Куманово, а по повод Светскиот ден на спорот 6 Април, се одржа меѓународен турнир во пинг-понг.

На турнирот зедоа учество четири екипи: ППК „ТОПСПИН“ од Врање, Р Србија, ППК „ПАТРИОТИ“ од Велес, ППК „ДЕБАР МААЛО“ од Скопје и домаќинот ППК „КУМАНОВО“, како и спортисти со телесен инвалидитет од ССРИ Кисела Вода од Скопје и ССРИ Куманово.

Кај спортисти со телесен инвалидитет редоследот беше следниот:

1. место Дејан Алексовски од Скопје;
2. место Страшко Коцевски од Куманово и
3. место Ненад Диниќ од Скопје.

На најдобрите спортисти им беа доделени медали и дипломи од страна на Општински спортски сојуз Куманово.

*Б. Јовановски*



# ВТОРО МЕСТО ЗА ССРИ КУМАНОВО НА ПИНГ-ПОНГ НАТПРЕВАР ВО ПРИЛЕП

На 21.4.2024 година во Прилеп, во организација на ППК „Полиоспорт“ од Прилеп и соорганизација на ССРИ Прилеп, се одржа екипен натпревар во пинг-понг за спортисти со инвалидност, а по повод 23. Април, меѓународен ден на пинг-понгот.



Екипата на ССРИ Куманово ја сочинуваа: Страшко Коцевски, Моме Јаќимовиќ и позајмениот играч за ова прилика Тони Митровски од Скопје (правилата на турнирот дозволуваа позајмен играч), а настапија и екипите на ССРИ Кавадарци, ССРИ Битола, ССРИ Охрид, ССРИ Велес и домаќинот ССРИ Прилеп.

Првото место на турнирот го освои ССРИ Прилеп, второто ССРИ Куманово, а третото екипите на ССРИ Кавадарци и ССРИ Охрид.

Претседателот на ССРИ Прилеп, Рубинчо Ристески, по повод јубилејот 50 години постоење и дејствување на Сојузот, на учесниците им додели Благодарници за досегашна успешна соработка и поддршка во реализација на програмските активности, а Благодарница доби и Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Северна Македонија - Параолимписки комитет на Северна Македонија.

*Б. Јовановски*

# МЕЃУНАРОДЕН ПИНГ-ПОНГ ТУРНИР „БУРГАС ОПЕН 2023“

Македонската репрезентација во пара пинг-понг во состав: Страшко Коцевски (играч и селектор), Рубинчо Ристески, Марјан Зафировски и Игорчо Постолов, од 7 до 9. јуни 2024 година настапија на меѓународниот турнир **“Varna Seagull Cup”,** кој се одржа во Варна, Бугарија. На натпреварот учествуваа 35 пингпонгари од: Романија, Србија, Црна Гора, Македонија и Бугарија.

Најдобар успех од нашите натпреварувачи оствари **Игорчо Постолов**, кој во класа 6, го освои **првото место и златниот медал**, пред Милијана Ќирковиќ и Ѓуро Кривокапиќ од Црна Гора, кои ги освоија второто и третото место.

**Марјан Зафировски** во класа 7 го освои **третото место и бронзениот медал** . Во оваа категорија првото место го освои Милан Антиќ од Србија, додека второто Пјетро Палушевиќ од Црна Гора.

Страшко Коцевски во класа 10, и Рубинчо Ристески во класа 8, не ги поминаа групите и не се пласираа во натамошните борби во разигрување за медалите.



Во натпреварите во двојки, кои беа од елиминациски карактер, нашите спортисти Рубинчо Ристески и Марјан Зафировски беа елиминирани уште во првото коло од црногорската двојка Пјетро Палушевиќ и Ѓуро Кривокапиќ, а Игорчо Постолов требаше да настапи со еден играч од Романија, меѓутоа не се појави на натпреварот.

*Б. Јовановски*

# ПОДГОТОВКИ НА АТЛЕТИЧАРИТЕ СО ИНВАЛИДНОСТ, ПОДДРЖАНИ ОД ПРОГРАМАТА НА ИПЦ ЗА РАЗВОЈ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ПАРАОЛИМПИСКИ КОМИТЕТИ ЗА 2024

Од 5 до 8 април 2024 година, во Охрид, во организација на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, а со финансиска поддршка од Меѓународниот параолимписки комитет (ИПЦ), од Програмата за развој на Националните параолимписки комитети за 2024 година, беа одржани подготовки на македонските спортисти со инвалидност во атлетика.

Подготовките беа под раководство на селекторот Крсто Серафимовски, а на нив учествуваа:

1. Елена Давитковска од с. Талишманце, класа Ф56;
2. Зоран Јовановски од Струмица, класа Ф55;
3. Златко Арсовски од Делчево, класа Ф55 и
4. Гоце Миновски од Скопје, класа Ф56.

Подготовките поминаа во работна атмосфера со темпо од два тренинга дневно на кои беше подобрена техниката на изведба на фрлањата во разни фрлачки дисциплини, а завршија со контролен натпревар на кој беа постигнати следните резултати:

**Елена Давитковска:** копје 9,17м, ѓуле 5,22м и диск 12,28м;
**Зоран Јовановски:** копје 15,48м, ѓуле 7,42м и диск 17,27м;
**Златко Арсовски:** копје 13,57м, ѓуле 5,68м и диск 17,16м;
**Гоце Миновски:** копје 13,58м, ѓуле 5,82м и диск 14,73м;

Тренинзите на нашите спортисти продолжуваат индивидуално во местото на нивните живеалишта.

*Б. Јовановски*









# УШТЕ ЕДНА ТИТУЛА ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА ЗА ОЛИВЕРА НАКОВСКА-БИКОВА

На 16.3.2024 година на стрелиштето во Битола, во организација на Македонската спортска стрелачка федерација (МССФ), се одржа Државно првенство со воздушно оружје меѓународна програма, на кое Оливера Наковска-Бикова настапи како членка на СК Работнички, и по кој знае кој пат, го освои златниот медал и титулата шампион на Македонија, овој пат за 2024 година, со резултат од 561 круг (92, 93, 98, 92, 92, 94). Второто место го освои Маја Чешелкоска од СК Прилеп со 528 кругови, а третото Вероника Велковска од СК Стрелец, со резултат од 527 кругови. Честитки за постигнатиот успех на Оливера, а овој натпревар беше дел од Програма за подготовки за што поуспешен настап на Параолимписките игри во „Париз 2024“.

На првенството за СК Работнички настапи и нашиот кандидат за ПОИ, Александар Јовановски (вон конкуренција), но стрелаше далеку под своите можности, скромни 529 кругови (87, 86, 87, 90, 91, 88).

*Б. Јовановски*



# ПРИЈАТЕЛСКИ ТУРНИР ВО КОШАРКА ВО КОЛИЧКИ

На 6.9.2024 година во Согика, Бугарија, се одржа пријателски турнир во кошарка во колички на кој учествуваа: Левски од Софија, НАИС од Ниш и нашата екипа Wheelchar Basketball Macedonia од Скопје.

Првото место ѝ припадна на екипата на НАИС од Ниш со 2 победи, на второто место се пласира екипата на Левски од Софија со 1 победа и 1 пораз, додека нашата екипа претрпе 2 пораза и го заседе третото место.

*Б. Јовановски*



# МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО КОШАРКА ВО КОЛИЧКИ „КАВАДАРЦИ 2024“

Од 24 до 26. мај 2024 година, првпат во нашата држава, во Кавадарци, се одржа меѓународен турнир во кошарка во колички, на кој учествуваа екипите на: WBC Nais од Ниш, Србија, потоа Panseraikos од Серес, Грција и екипата на домаќинот WB Macedonia, од Македонија.

Резултати:
-WBC Nais од Ниш, Nis - Panseraikos Seres 55:36
-WB Macedonia- Panseraikos Seres 38:47
-WB Macedonia- WBC Nais Nis 27:46

По одигрување на натпреварите, редоследот на екипите беше следниот:








1. место: WBC NAIS од Ниш, Србија;
2. место: PANSERAIKOS од Серес, Грција;
3. место: WB MACEDONIA

Параолимпискиот комитет на Северна Македонија им искажува голема благодарност на организаторите, спонзорите, поддржувачите и учесниците на турнирот.

Б. Јовановски

# МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ПАРАОЛИМПИСКАТА ДИСЦИПЛИНА БОЧАЊЕ

На 29 јуни, во спортската сала при СЕТУ „Михајло Пупин“, Мобилност Скопје имаше ексклузивна можност да ја промовира и донесе на голема врата во Македонија, параолимписката спортска дисциплина БОЧАЊЕ.

Имено, Мобилност Скопје по аплицираниот и одобрен проект од страна на Град Скопје, организираше тридневен настан по повод меѓународниот турнир во бочање. На него зедоа учество осумдесетина спортисти од екипи на Бугарија, Србија (МС Врање и МС Лесковац) и здруженија при повеќе градови на Македонија (Мобилност Скопје, Мобилност Струмица и ССРИ Битола). Натпреварот го отвори претседателот на Мобилност Скопје, Гоце Миновски, кој се заблагодари за учеството на сите спортисти но и за присуството на членовите од кабинетот на Град Скопје со градоначалничката Данела Арсовска и директорот на училиштето. Градоначалничката Данела го отвори турнирот со прашањето:

- Која е најголемата и најтешката болест во светот?... и со одговорот дека тоа е мрзеливоста. Тука. во салата нема такви, но затоа има позитивни ликови кои дишат со полни бели дробови и го сакаат вистински животот. Ние учиме од вас и сакаме да ја црпиме енергијата на вакви ликови како што сте вие.

Со ваквата мотивирачка порака, започна натпреварот.

-Ги учевме правилата, ја совладувавме техниката, се нудеше спортски дух за плус поен, се дружевме активно, разменувавме искуства и знаења и сето тоа со огромната позитива што ја нуди овој спорт приспособен за секој телесен инвалид. На крајот победија најуспешните, но и оние со голем ентузијазам и среќа. За двете екипи од Бугарија се доделија третото и второто место а на момците од тимот ЗСРИ Гази Баба, при Мобилност Скопје, Зоран Трајановски и Васко Тушевски, им припадна првото место и златните медали.





Натпреварот заврши со пријателска атмосфера и верба за следни средби.

Мобилност Скопје се заблагодарува на сите учесници, поддржувачи, помагачи и сите пријатели кои силно веруваа во нашата храброст и посветеност за премиерниот турнир во бочање, а ние им возвраќаме со наша заложба за негова интеграција меѓу спортовите во нашето спортско опкружување на државата.

*Христина Просковска*



# МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ НА ТУРНИР ВО ШАХ „СТАНА РАДИВОЈЕВИЌ" ВО ЛЕСКОВАЦ

Мобилност Скопје, по покана од страна на Здружението за дистрофија од Лесковац, на 14.8.2024 година, со неколку свои членови докажани во областа на шахот, учествуваше на нивниот престижен, петти Меѓународен натпревар во шах „Стана Радивојевиќ".

Турнирот го отвори заменик-градоначалникот на Лесковац, д-р Лидија Димитријевиќ, која им посака топло добредојде на учесниците при здруженијата од Скопје, Ниш, Чачак и Лесковац. Судија на натпреварот беше интернационалниот судија Јован Митиќ, кој по фер повеќечасовно одиграни партии, ги прогласи победниците на турнирот и тоа;

Првото место за нашето златно момче и мајстор во шах- Александар Стојчески, второ место за Радован Павловиќ од Чачак и трето место за Петар Јовановиќ од Лесковац.







По завршување на официјалниот дел од денот, домаќините приредија посета на Народниот музеј на Лесковац „Времеплов лесковачког краја", каде што нашите членови имаа можност да се запознаат со животот на жителите од лесковачкиот крај, во периодот на неолитот до доцното турско владеење. Музејот беше апсолутно адаптиран за лица со попреченост(пристапна рампа, интерактивен аудиоводич, водич на Брајово писмо, тактилна изложба, очила со диоптриска лупа, водич на знаковен јазик, адаптиран тоалет, тактилни патеки, инклузивни работилници за деца и апликаации).

Мобилност Скопје им се заблагодарува на домаќините за извонредната организација и убаво поминатиот ден во нивниот град, а на нашите учесници им посакува успеси на следни турнири со целосна поддршка во заложбите.

*Христина Просковска*










Gymnastics for
children with
disabilities
Co-funded by the







ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ISSN 1857-8470
9 771857 847001